АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 18.11.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 4884/1 | | |

# ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗБОРНОТО МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ

# ВО ВТОРИОТ КРУГ ОД ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2025 ГОДИНА

# - ОД 20 ДО 31 ОКТОМВРИ -

# ВОВЕД

## МЕТОДОЛОШКИ НАПОМЕНИ

Мониторингот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за изборното медиумско претставување во вториот круг од Локалните избори 2025 година, во периодот од 20 до 31 октомври 2025 година, се реализираше на ист начин како и во првиот круг, во согласност со Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси и Упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година.

Примерокот за мониторингот и овој пат ги опфати трите програмски сервиси на ЈРС Македонска радиотелевизија: МРТ1, МРТ2 и Собранискиот канал, како и 8 програмски сервиси на комерцијални национални телевизии: ТВ Сител, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алсат-М, ТВ 21-М, ТВ Шења и ТВ 24 Вести. За другите програмски сервиси се постапуваше врз основа на претставки.

Предмет на надзорот беше 24 часовната програма за периодот на дванаесетдневната изборна кампања во вториот круг од Локалните избори (од 20 до 31 октомври), при што се анализираа сите облици на изборно медиумско претставување. Акцент беше ставен на централното дневноинформативно издание (вести или дневник) на секој од наведените радиодифузери, а од интервјуата и дебатите емитувани во овој период, издвоени беа оние чија тематска преокупација беа Локалните избори. За времетраењето на платеното политичко рекламирање имаше посебен мониторинг и наодите се објавени во посебен извештај.

Мониторингот го опфати и изборниот молк – на 1 ноември (цел ден) и на 2 ноември до 19 часот.

Во вториот круг од изборите се применуваше принципот на еднаквост за кандидатите за градоначалници, пропишан во членот 75-а од Изборниот законик (ИЗ), како основа за постигнување баланс во известувањето за изборите. Квантитативно принципот подразбира приближно еднакво време меѓу кандидатите за градоначалници, секако во зависност од интензитетот на кампањите. Квалитативно, балансот се постигнува со истоветен приод кон сите кандидати, односно тон на известување и врамување.

Изборното медиумско претставување преку програмските сервиси од Македонската радио-телевизија е уредено со посебни барања утврдени во членот 76-а од Изборниот законик, според кои вестите треба да бидат поделени процентуално на следниов начин: 30% од времето за дневните настани од земјата и светот, 30% за активностите на политичките партии на власт, 30% за активностите на политичките партии во опозиција и 10% за активностите на вонпарламентарните политички партии и за независните кандидати.

Известувањето за изборниот процес во формат пристапен за лицата со сетилна попреченост е пропишано во член 75 од ИЗ и операционализирано во Упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025. За време на вториот круг од изборната кампања, Агенцијата направи мониторинг и на програмите што Јавниот радиодифузен сервис и телевизиите на државно ниво што емитуваа платено политичко рекламирање ги направија достапни за лицата со попреченост (член 75 ставови 4 и 5 од ИЗ).

При анализата на програмите, Агенцијата ја применуваше истражувачката техника анализа на содржина, која дава квантитативни и квалитативни податоци, а во случаите кога требаше да се направи анализа на тонот и врамувањето користеше дискурзивна анализа.

Ваквиот пристап обезбеди релевантни податоци за:

- начинот на известување во вестите за учесниците во изборниот процес;

- начинот на известување во вестите за активностите на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања;

- условите за пристап и третманот на учесниците во изборниот процес во посебните информативни емисии (интервјуа/дебати);

- почитување на обврската за известување за изборите во формат пристапен за лицата со сетилна попреченост;

- почитувањето на правилата за емитување платено политичко рекламирање и бесплатно политичко претставување;

- почитувањето на забраната за емитување реклами финансирани од буџетски средства;

- евиденција на законски забранети случаи кога уредници, новинари, водители и презентери во радио и телевизиските програми истовремено учествуваат и во предизборни активности на учесниците во изборниот процес;

- почитување на правилата за објавување резултати од испитувања на јавното мислење;

- почитување на забраната за поттикнување омраза и нетрпеливост – според ЗААВМУ и

- почитување на правилата за изборниот молк.

Во вториот круг од Локалните избори се натпреваруваа 66 кандидати за градоначалници во 33 општини (32 општини и Градот Скопје).

На изборите учествуваа седум подносители на листи од парламентарни партии: Коалицијата „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" предводена од ВМРО-ДПМНЕ (со кандидати за градоначалници во 26 општини); Коалицијата за Локални избори 2025 година предводена од СДСМ (со кандидати во 17 општини); Коалицијата ВЛЕН (со кандидати во 5 општини); Коалицијата Национална алијанса за интеграција – НАИ (со кандидати во 5 општини); Коалицијата ИСКУСТВО ЗА УСПЕХ предводена од Либерално - демократската партија (со кандидат во 1 општина); политичката партија Левица (со кандидат во 1 општина); и Движењето Знам – за наша Македонија (со кандидати во 2 општини).

Потоа една вонпарламентарна партија – Унија на Ромите (со кандидат за градоначалник во 1 општина) и осум независни кандидати за градоначалници на општините: Дебарца, Кочани, Македонски Брод, Могила, Дебар, Струга, Куманово и Студеничани.

## Клучни наоди

Програмските сервиси на МРТ и на осумте комерцијални телевизии што беа опфатени со мониторингот на Агенцијата, вложија напори да обезбедат подробна информираност на гледачите како потенцијални гласачи за изборната кампања на кандидатите за градоначалници во вториот круг од Локалните избори 2025 година. Преку вестите и преку посебните информативни емисии, се обидоа да ја претставаат и пошироката, пообјективна слика за постојниот општествено-политички амбиент во кој се одвиваше изборната кампања.

Објавија голем број аналитички прилози за изборниот резултат по првиот круг од Локалните избори низ кои се навестуваа можните (не)принципиелни коалицирања, но беа нагласени и предупредувања за последиците од повиците за т.н. „етноцентристичко гласање", посебно во општините со побројна албанска заедница. Обезбедија широко покривање и на другите актуелни настани за време на вториот круг од изборната кампања. Како силен контраст на изборните карвани со индивидуалните и со партиските / коалициските изборни ветувања за воспоставување нова локална власт, беа сопоставени и повеќедневните вести во низа произлезени од иницијативата на Владата за конечен, кривично-правен прогон на раководството на скопското ЈП „Комунална хигиена", чија небрежност и неодговорност резултираше со нова еко-катастрофа за главниот град на државата. Во оваа смисла, континуирано беше следен сиот сложен процес во кој, соодветно на надлежностите се вклучија повеќе субјекти. Одредени информативни редакции сето горесспоменато недвојбено го покажаа и низ тематски комплементарни дебати со правници, кои посочија и конкретен начин за политичко-правно ефикасно спроведување на правдата, но отстапија и забележителни медиумски место и време и за предупредувањата на доктори / медицински експерти по епидемиологија, како јавен апел за решителни (ре)акции од Државниот здравствен и санитарен инспекторат и од Институтот за јавно здравје.

Може да се рече дека, при медиумското покривање на изборната кампања во вториот круг од изборите, медиумите генерално, некој повеќе, некој помалку, се придржуваа до професионалните правила за правичност, избалансираност и непристрасност, со почитување на начелото за еднаквост кон преостанатите кандидати за градоначалници. При известувањето за учесниците во изборната кампања од вториот круг покажаа различни уредувачки пристапи. Дел се обидоа да претставаат што повеќе кандидати, дел се фокусираа главно на кандидатите од четирите големи коалиции, дел пак главно на кандидатите за градоначалници во скопските општини и на соперниците за градоначалник на Скопје.

***<u>Балансот во дневноинформативните емисии (ТВ дневник/вести)</u>***

Иако, во вториот круг од изборите учествуваа само 66 кандидати за градоначалници, повторно речиси ниту една од редакциите не обезбеди идеална распределба на информативното време во вестите во согласност со барањата од Изборниот законик. МРТ1 и МРТ2 генерално ги исполнија посебните законски обврски за структурата на дневно информативните емисии според математичкиот образец 30%+30%+30%+10%.

Вон конструктивните, аналитички прилози направени со новинарска агилност за предочување на стварната (не)надлежност и (не)ажурност на некогашните, сегашните и на идните, посакувани раководни структури на локалната самоуправа, приказот на изборната кампања за Локалните избори 2025 година се сведе на конвенционалните, вообичаени рубрики / изборни хроники од ТВ Дневникот, во кои видлива, главна улога имаше вештината на уредувачко-монтажерската интервенција за рамномерно редење самопромотивни искази на кандидатите за градоначалници.

За темата избори, освен двата програмски сервиси на МРТ, најмногу време во вестите одвоија ТВ Сител (околу 4 часа и 30 минути) и ТВ Алфа (речиси 3 часа вкупно). Со прилозите во вестите од 16 часот и интервјуата емитувани во вестите во 19 часот и ТВ Алсат-М посвети значајно време на вториот круг од

Локалните избори. Најмалку информации за изборите имаше во вестите на ТВ Телма и на ТВ Шења, кај двата медиуми помалку од 1 час и половина во вкупно 12 изданија на вестите од вториот круг на изборите.

Најголем опфат на учесници во изборите обезбедија ТВ Алфа (со информации за кандидатите од сите подносители на листи од коалиции и политички партии и за пет независни кандидати), МРТ1 (со информации за кандидатите од сите подносители на листи од коалиции и политички партии и за четири независни кандидати) и МРТ2 (со информации за пет независни кандидати, но без информација за кандидатот од единствената вонпарламентарна партија во вториот круг).

Сите анализирани медиуми, генерално известуваа неутрално за учесниците во изборната кампања од вториот круг. ТВ Алфа, во неколку прилози позитивно ја врамуваше Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, а негативно коалициите предводени од СДСМ и од ДУИ.

***<u>Посебни информативни емисии - интервјуа/дебати</u>***

Девет телевизиски програмски сервиси емитуваа интервјуа на изборни теми во вториот круг. Најмногу интервјуа емитуваа ТВ 24 Вести (13), ТВ Алфа (13) и МРТ1 (11). ТВ Алсат-М и ТВ Сител интервјуата ги емитуваа во рамки на дневноинформативните емисии, а ТВ Сител емитуваше и едно интервју во редовната утринска емисија. Поголем дел од интервјуата беа реализирани со експерти и аналитичари. Најмногу интервјуа со директни учесници во изборите/кандидати за градоначалници имаше ТВ Сител.

Девет телевизиски програмски сервиси емитуваа и дебатни емиисии за изборите. Најмногу дебати имаше на ТВ 24-Вести (9), на ТВ Телма (9), и на ТВ Канал 5 (8). Најмногу дебатни емисии со кандидати за градоначалници организираа ТВ Телма и ТВ Канал 5.

Сите медиуми од примерокот за мониторинг, генерално ги почитуваа законските барања да обезбедат еднаков третман на учесниците во изборната кампања. ТВ Алфа во дел од интервјуата и во дел од актуелно-информативните емисии посветени на изборите имаше екстензивни критички коментари за активностите, односно негативен тон и негативно врамување на СДСМ, Левица, ДУИ и кандидатот за градоначалник од Коалицијата Искуство за успех, а позитивен тон и позитивно врамување на ВМРО-ДПМНЕ и на Владата.

***<u>Пристапност на содржините за лицата со сетилна попреченост</u>***

Јавниот радиодифузен сервис и националните телевизии што емитуваа платено политичко рекламирање, ја исполнија законската обврска во периодот на вториот круг од изборната кампања да информираат на начин прилагоден за лицата со сетилна попреченост преку – едно издание на вестите секој ден и едно издание на актуелноинформативна емисија неделно.

***<u>Бесплатно политичко претставување</u>***

Во вториот круг од Локалните избори, бесплатно политичко претставување емитуваше само Собранискиот сервис, околу 43 минути вкупно, на кандидатите од двете коалиции предводени од ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. МРТ1 извести дека ниту еден кандидат не се одѕвал на нивниот јавен повик за бесплатно политичко претставување, кој од 22 до 30 октомври 2025 година, бил емитуван по неколкупати дневно, а бил објавен и на веб страницата на МРТ.

***<u>Изборен молк</u>***

Со мониторингот на почитувањето на изборниот молк, реализиран на 1 и на 2 ноември 2025 година до 19 часот, не беа констатирани прекршувања на Изборниот законик.

# РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ

**ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС**

**Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје**

**МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА – ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС (МРТ1)**

## 1. ДНЕВНОИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Дневник 2 од 19:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 20 до 31 октомври 2025);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 5 часа 57 минути и 53 секунди;
**Користени жанрови**: вести и извештаи.

***Начин на известување***

Во текот на вториот круг од кампањата за Локалните избори, Првиот програмски сервис на Македонската радиотелевизија, во анализираната дневноинформативна емисија - Дневник 2 емитуван во 19.30 часот, известуваше правично, избалансирано и непристрасно и генерално одговори на обврските од Изборниот законик во поглед на структурата на вестите утврдени во членот 76-а став 2 од ИЗ. Со мали отстапки во прилог на информациите за дневните настани, МРТ1 ја спроведе обврската за поделбата на времето во дневноинформативните емисии, по принципот: 30% од времето да емитува информации за дневните настани од државата и од светот; 30% да одвои за активностите на политичките партии на власт; 30% од времето да информира за активностите на опозициските партии, а во преостанатите 10% - за активностите на партиите што не се претставени во Собранието и за независните кандидати.

МРТ1 информираше за активностите од кампањата на четири од вкупно осум независни кандидати кои ги продолжија изборите во вториот круг, како и за реакциите по резултатите од првиот круг од страна на Унија на Ромите, единствената вонпарламентарна партија која продолжи и во вториот круг. За овие субјекти одвои вкупно 19 минути и 35 секунди, односно 5,47% од вестите што не беше доволно за да ги достигне пропишаните 10%. Изборите како тема ги третираше и во делот од вестите посветен на информациите за настаните од земјата и светот, каде наместо 30% одвои 37% од вкупното времетраење на анализираните прилози во вестите. За активностите на кандидатите од политичките партии на власт одвои 1 час и 39 минути и 35 секунди, односно 28%, додека за активностите од кампањите на кандидатите од политичките партии во опозиција одвои - 1 час и 45 минути и 18 секунди, односно 29% од прилозите во вестите.

***Табела 1: Процентуална застапеност на темите во дневноинформативното издание на МРТ1***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| Дневни настани од земјата и светот | 02:13:24 | 37,28 | % |
| Активности на партиите што не се во Собранието и на независните кандидати | 00:19:35 | 5,47 | % |
| Активности за кампањите на политичките партии на власт | 01:39:35 | 27,83 | % |
| Активности за кампањите на политичките партии во опозиција | 01:45:18 | 29,42 | % |
| | **Вкупно = 05:57:53** | **100** | **%** |

Во делот од Дневникот 2 посветен на активностите на партиите коишто ја сочинуваат власта, МРТ1 одвои време за кандидатите од сите партии што се дел од владејачката структура: Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 47 минути и 48 секунди, Движењето ЗНАМ - За наша Македонија – 26 минути и 24 секунди и Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ – 25 минути и 23 секунди. Во рамки на делот за активностите на кандидатите од сите парламентарни опозициски субјекти, распределбата на времето беше по истиот принцип: Коалицијата предводена од СДСМ - 40 минути и 39 секунди, Левица – 23 минути и 34 секунди, Национална алијанса за интеграција – НАИ – 21 минута и 35 секунди и Искуство за успех – 19 минути и 30 секунди. Во целината од Дневникот посветена на активностите на вонпарламентарните партии и на независните кандидати известуваше за: Менди Ќира - независен кандидат за градоначалник на Струга – 6 минути и 58 секунди, Горан Стојковски - Диро - независен кандидат за градоначалник на Куманово – 6 минути и 58 секунди, Венко Крстевски – независен кандидат за градоначалник на Кочани – 3 минути и 51 секунда и и за Азем Садики - независен кандидат за градоначалник на Студеничани – 1 минута и 9 секунди. Емитуваше и еден прилог за реакциите на партијата Унија на Ромите во врска со наводни изборни нерегуларности во првиот круг на Локалните избори. Распределбата на времето меѓу субјектите во секој од овие три дела од вестите на МРТ1, генерално беше во согласност со принципот на еднаквост за кандидатите за градоначалници, но зависеше и од интензитетот и карактеристиките на кампањите на секој од учесниците во изборите. Првиот сервис на МРТ обезбеди информации за активностите на кандидатите за градоначалници во повеќе општини од државата каде што имаше избори во вториот круг. Во прилозите посветени на кандидатите од коалициите предводени од владејачката ВМРО-ДПМНЕ и опозициската СДСМ, често свои обраќања имаа и лидерите на двете партии, Христијан Мицкоски и Венко Филипче.

Во делот од вестите посветен на настаните од земјата и светот најактуелни домашни теми беа: резултатите од првиот круг на Локалните избори; одлуките на ДИК по приговорите од првиот круг на Локални избори; хаосот со ѓубрето во Скопје; новите директни летови до европските метрополи; предлог-буџетот за 2026 година; притворот на директорот на Комунална хигиена Сабахудин Рустеми; еколошката катастрофа на реката Вардар; лажните дојави за бомби во училишта; дистрибуцијата на гласачки ливчиња за вториот изборен круг; непристапноста на установите за лицата со попреченост; подготвувањето на бизнисот за инвестициски бум; актуелните теми од здравството и судството итн. Најактуелни теми од светот беа: најавите за средбата Трамп – Путин, пожарот и пукотниците пред Парламентот во Србија, грабежот на накит во музејот Лувр во Франција, надминувањето на трговските пречки помеѓу САД и Кина, како и воениот конфликт помеѓу Русија и Украина.

Во овој дел од вестите како субјекти се појавуваат и Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата на СДСМ, при што, првите зборуваа за можните предвремени парламентарни избори и за стабилноста на владејачката коалиција, а вторите - за партиските освежувања по изборите и за новите политики, како и за незадоволството од актуелната Влада и нејзините лажни ветувања. Еден прилог беше посветен и на примопредавањето на градоначалничката функција во Струмица, кадешто новиот градоначалник е од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, а стариот беше од СДСМ. Како субјекти се нотирани и тогаш актуелната градоначалничка на Скопје Данела Арсовска, поради нејзините реакции во врска со состојбата со сметот во Скопје и разрешувањето на директорот на Комунална хигиена, како и старо – новиот градоначалник на Јегуновце од редовите на ВМРО-ДПМНЕ Димитар Костадиновски, кој победи во првиот круг на Локалните избори, кој информираше за еколошката катастрофа на реката Вардар. Како субјект „медиум“ е регистрирана веста за започнувањето на зимското сметање на времето, кое стапи на сила на 26 октомври.

***<u>Табела 2: Застапеност на субјектите по теми во дневноинформативното издание на МРТ1</u>***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:47:48 | 48,01 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:26:24 | 26,50 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:25:23 | 25,49 | % |
| | **Вкупно за тема: 01:39:35** | **100** | **%** |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:40:39 | 38,60 | % |
| Левица | 00:23:34 | 22,38 | % |
| Национална Алијанса за Интеграција – НАИ | 00:21:35 | 20,50 | % |
| Искуство за Успех | 00:19:30 | 16,97 | % |
| | **Вкупно за тема: 01:45:18** | **100** | **%** |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | | |
| Експерти/аналитичари | 00:02:28 | 1,85 | % |
| Судство | 00:10:00 | 7,49 | % |
| Вести од светот | 00:23:21 | 17,50 | % |
| Други субјекти | 00:24:17 | 18,21 | % |
| Влада | 00:20:49 | 15,61 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:06 | 6,08 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:38 | 2,73 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:09 | 3,11 | % |
| Претседател | 00:01:48 | 1,36 | % |
| Собрание | 00:00:16 | 0,19 | % |
| Граѓани | 00:07:13 | 5,41 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:09:42 | 7,27 | % |
| ДИК | 00:08:08 | 6,10 | % |
| Билјана Ивановска - Група избирачи | 00:00:34 | 0,43 | % |
| Јана Белчева Андреевска - Група избирачи | 00:00:34 | 0,43 | % |
| Медиум | 00:00:16 | 0,20 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:40 | 1,99 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:40 | 1,99 | % |
| Локална самоуправа (Данела Арсовска) | 00:01:54 | 1,42 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:52 | 0,64 | % |
| | **Вкупно за тема: 02:13:25** | **100** | **%** |
| **Активности на партиите што не се во Собранието и на независните кандидати** | | | |
| Венко Крстевски - Група избирачи | 00:03:51 | 18,60 | % |
| Горан Стојковски-Диро - Група избирачи | 00:06:58 | 33,57 | % |
| Менди Ќира - Група избирачи | 00:06:58 | 33,57 | % |
| Унија на Ромите | 00:00:39 | 3,14 | % |
| Азем Садики - Група избирачи | 00:01:09 | 5,57 | % |
| | **Вкупно за тема: 00:19:35** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 05:57:53** | | |

## 2. Посебни информативни емисии:

МРТ1 и во вториот круг обезбеди поширок форум за претставување на програмите на учесниците во изборната трка и анализа на нивната понуда преку посебните информативни емисии во кои беа реализирани 11 интервјуа и 5 дебати. Притоа, сервисот се придржуваше до правилата за правичност, избалансираност и непристрасност.

### *Интервјуа*

Во три изданија на емисијата „360 Степени“ имаше интервјуа на изборни теми и беа интеврјуирани по неколку кандидати за градоначалници во изборната кампања. Сите три емисии репризно беа емитувани следниот ден.

***<u>Табела 3: Интервјуа на МРТ1</u>***

<table>
<tr><th colspan="4">МРТ1</th></tr>
<tr><th>Датум</th><th>Соговорник</th><th>Теми</th><th>Наслов на емисија</th></tr>
<tr><td>23.10.2025</td><td>- Стевчо Јакимовски од Искуство за успех<br>- Сотир Лукровски од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ<br>- Горан Герасимовски од Коалицијата предводена од СДСМ<br>- Мирослав Лабудовиќ од Движењето ЗНАМ<br>- Максим Димитриевски од Движењето ЗНАМ<br>- Горан Стојковски – Диро, независен кандидат</td><td>- Локални изборни теми<br>- Претставување на програмите на кандидатите за градоначалници</td><td rowspan="3">360 Степени</td></tr>
<tr><td>27.10.2025</td><td>- Горан Герасимовски од Коалицијата предводена од СДСМ<br>- Мирослав Лабудовиќ од Движењето ЗНАМ</td><td>- Локални проблеми<br>- Програмите на кандидатите</td></tr>
<tr><td>30.10.2025</td><td>- Биљал Касами од Коалицијата ВРЕДИ<br>- Бајрам Реџепи од Коалицијата НАИ<br>- Александар Јовановски од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ</td><td>- Локални теми<br>- Пораки до граѓаните пред вториот круг Локални избори</td></tr>
</table>

### *Дебати*

МРТ1, согласно обврската од членот 76-а став 11 од ИЗ, емитуваше премиерно вкупно 5 дебати со кандидати и со аналитичари, а репризно беше емитувано по едно издание на емисиите „Објектив“ и „360 Степени“.

***Табела 4: Дебатни емисии на МРТ1***

| МРТ1 | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **20.10.2025** | - Имер Селмани, политичар и бизнисмен<br>- Жидас Даскаловски, универзитетски професор | **Локални избори 2025 - дебата** |
| **20.10.2025** | - Александар Спасеновски, универзитетски професор<br>- Владо Бучковски, универзитетски професор | **360 степени** |
| **27.10.2025** | - Владимир Божиновски, Институт за политички истражувања – Скопје<br>- Марко Трошановски, Институт за демократија | **Објектив** |
| **28.10.2025** | - Ѓоко Камчев од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ<br>- Перо Костадинов од Коалицијата предводена од СДСМ | **Локални избори 2025 - Изборни соочувања на кандидатите** |
| **29.10.2025** | - Драган Анастасов од Коалицијата предводена од СДСМ<br>- Тони Тоневски од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ | **Локални избори 2025 - Изборни соочувања на кандидатите** |

## 3. Бесплатно политичко претставување

МРТ1 во вториот круг од изборите не емитуваше бесплатно политичко претставување. Телевизијата со допис ја извести Агенцијата дека во периодот меѓу двата круга од гласањето за Локалните избори 2025 не емитуваше бесплатно политичко претставување на кандидатите за градоначалници, затоа што ниту еден кандидат не се одзвал на нивниот јавен повик кој од 22 до 30 октомври 2025 година, бил емитуван по неколкупати дневно, а бил објавен и на веб страницата на МРТ. Воедно, интерес за можноста да го искористат бесплатното политичко претставување не покажале ниту кандидатите коишто во вториот круг учествувале во нивните посебни информативни емисии.

## 4. Информирање за лицата со сетилна попреченост

МРТ1 ги исполни обврските од членовите 75 ставови 1 и 4 и 76-а став 4 од Изборниот законик и обезбеди информирање на лицата со попреченост на изборни теми. Обврските ги реализираше така што прилагодени со користење знаковен јазик ги емитуваше: ТВ Дневник 1 (секој ден од 17:00 часот), емисијата „Објектив“ (секој понеделник и четврток од 20 часот и 15 минути, со исклучок на 20 и 30 октомври), „Локални избори 2025“ (понеделник 20 октомври), „Соочувања меѓу кандидатите за градоначалници“ – дебатни студиски емисии (во вторник и среда од 20 часот и 15 минути).

## МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА – ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС (МРТ2)

### 1. ДНЕВНОИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Дневник, од 18:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 20 до 31 октомври 2025);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 5 часа 42 минути и 2 секунди;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

Вториот програмски сервис на Македонска телевизија – МРТ2, во анализираните 12 изданија на Дневникот од 18:30 часот, генерално известуваше правично, избалансирано и непристрасно, а обврските од Изборниот законик кои треба да ги спроведува во текот на изборната кампања во поглед на структурата во вестите, ги реализираше согласно спецификите на бројот на кандидатите во вториот изборен круг. Иако беше запазена пропишаната распределба на прилозите – 30% за дневни настани од државата и светот, 30% за активности на политичките партии од власта и 30% за активности на политичките партии од парламентарната опозиција, учеството на прилозите за кампањите на независните кандидати и вонпарламентарните партии беше под законскиот минимум од 10%, поради неможноста уредувачки доследно да се спроведе законската распределба бидејќи бројот на кандидати во оваа категорија се сведе на неколкумина независни кандидати**,** а вонпарламентарните партии (освен една) веќе не учествуваа во изборниот процес.

***Табела 5: Процентуална застапеност на темите во дневноинформативното издание на МРТ2***

| МРТ 2 | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| Дневни настани од земјата и светот | 01:48:12 | 31,63 | % |
| Активности на партиите што не се во Собранието и на независните кандидати | 00:24:27 | 7,15 | % |
| Активности за кампањите на политичките партии на власт | 01:47:35 | 31,46 | % |
| Активности за кампањите на политичките партии во опозиција | 01:41:48 | 29,76 | % |
| | **Вкупно = 05:42:02** | **100** | **%** |

Во анализираните 12 изданија на Дневникот, за активностите на кандидатите од партиите од власта и за активностите на кандидатите од партиите од собраниската опозиција, беа издвоени безмалку еднакви времиња – 1 час 47 минути и 35 секунди за власта и 1 час 41 минута и 48 секунди за опозицијата, што прикажано во проценти, пак, е соодветно на – 31%, односно 30% од вестите.

Во делот од Дневникот посветен за активностите на кандидатите од партиите коишто ја сочинуваат власта, МРТ2 одвои време за кандидатите од три партии што се дел од владејачката структура: Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ – 43 минути и 4 секунди, Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 37 минути и 6 секунди и Движењето ЗНАМ - За наша Македонија – 27 минути и 25 секунди.

Во рамки на делот за активностите на кандидатите од парламентарните опозициски субјекти, МРТ2 известуваше за: Национална алијанса за интеграција (НАИ) – 38 минути и 19 секунди, Коалицијата предводена од СДСМ - 29 минути и 36 секунди, Левица – 20 минути и 32 секунди и за Искуство за успех – 13 минути и 21 секунда.

Во овие два дела од вестите дистрибуцијата на времето меѓу субјектите беше во прилог на кандидатите од Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ и од Коалицијата Национална алијанса за интеграција (НАИ) кои

имаа свои кандидати во по пет општини, за разлика од коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ и од СДСМ кои се натпреваруваа во 26, односно во 17 општини од државата.

Во текот на 24 минути и 27 секунди, односно во 7,15% од вестите, Вториот јавен програмски сервис известуваше за активностите на следниве независни кандидати: Менди Ќира - независен кандидат за градоначалник на Струга – 6 минути и 54 секунди, Азем Садики – независен кандидат за градоначалник на Студеничани – 6 минути и 35 секунди, Венко Крстевски – независен кандидат за градоначалник на Кочани – 3 минути и 53 секунди, Горан Стојковски - Диро – независен кандидат за градоначалник на Куманово – 5 минути и 59 секунди и Рамадан Имери – независен кандидат за Општина Дебар – 1 минута и 6 секунди.

МРТ2 обезбеди информации за активностите на кандидатите за градоначалници во повеќе општини од државата каде што имаше избори во вториот круг. Прилозите вообичаено траеја по 1 минута со директни обраќања од кандидатите по 30 секунди. Во дел од прилозите имаше директни обраќања и од лидерите на партиите.

Во делот од Дневникот посветен на дневните настани од државата и од светот, МРТ2 известуваше за: информации за изборниот процес – резултатите од првиот круг, активностите на ДИК околу изборите, непостигнатиот цензус во четири општини, оценката на Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР за првиот круг, како и за активностите на Народниот правобранител и на МВР во врска со изборите. На 20 октомври, беа издвоени 42 секунди за прес-конференцијата на Висар Адеми, независниот кандидат за градоначалник на Гостивар, кој не успеа да обезбеди пласман во вториот круг. Прилозите опфатија и активности на Владата, како што се учеството на Самитот за Западен Балкан во Лондон, 14-тиот Меѓународен форум за енергија за одржлив развој (IFESD-14) во Скопје и поднесената кривична пријава против поранешниот директор на Агенцијата за храна и ветеринарство. Меѓу известувањата беа вклучени и активности на претседателката, за учеството на осмиот Париски мировен форум, како и содржини поврзани со судството – приведување лица за прекршување на изборниот процес, случајот со перење пари и лихварство, приведувањето на Сабахудин Рустеми, поранешен директор на ЈП „Комунална хигиена“, и случајот со нападите врз градоначалничката Данела Арсовска. Се известуваше и за именувањето на в.д. директор на ЈП „Комунална хигиена“ – Скопје, како и за активностите на Институтот за јавно здравје, меѓу кои мерките за заштита од нечистотијата од комуналниот отпад во Скопје и вакцинацијата против сезонски грип. Во прилозите беа вклучени и мислења на експерти и аналитичари во врска со изборниот процес. Во дел од овие прилози се појавуваат и субјекти кои се методолошки, евидентирани и кодирани како „Други субјекти“, меѓу кои се вбројуваат: Академското здружение на Албанци за наука и уметност, адвокати и Агенцијата за храна и ветеринарство.

***<u>Табела 6: Застапеност на субјектите по теми во дневноинформативното издание на МРТ2</u>***

| МРТ2 | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:43:04 | 40,03 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:37:06 | 34,48 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:27:25 | 25,48 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:47:35** | **100** | **%** |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | |
| Левица | 00:20:32 | 20,17 | % |
| Искуство за Успех | 00:13:21 | 13,11 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:29:36 | 29,08 | % |
| Национална Алијанса за Интеграција – НАИ | 00:38:19 | 37,64 | % |
| **Вкупно за тема: 01:41:48 Вкупно за тема:** | **01:41:48** | **100** | **%** |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДИК | 00:13:23 | 12,37 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:12 | 11,27 | % |
| Влада | 00:15:38 | 14,44 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:37 | 3,35 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:34 | 5,15 | % |
| Вести од светот | 00:08:45 | 8,09 | % |
| Граѓани | 00:05:06 | 4,72 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:19:02 | 17,59 | % |
| Други субјекти | 00:12:23 | 11,44 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:21 | 6,79 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:45 | 2,54 | % |
| Претседател | 00:01:17 | 1,19 | % |
| Судство | 00:00:38 | 0,59 | % |
| Висар Адеми - Група избирачи | 00:00:31 | 0,48 | |
| **Вкупно за тема:** | **01:48:12** | **100** | **%** |
| **Активности на партиите што не се во Собранието и на независните кандидати** | | | |
| Менди Ќира - Група избирачи | 00:06:54 | 28,23 | % |
| Азем Садики - Група избирачи | 00:06:35 | 26,93 | % |
| Венко Крстевски - Група избирачи | 00:03:53 | 15,90 | % |
| Горан Стојковски-Диро - Група избирачи | 00:05:59 | 24,48 | % |
| Рамадан Имери - Група избирачи | 00:01:06 | 4,46 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:24:27** | **100** | **%** |
| **Вкупно =** | **05:42:02** | | |

## 2. Посебни информативни емисии:

На 31 октомври 2025 година, водителот на крајот на Дневникот во 18:30 часот соопшти дека МРТ2 им испратила официјална покана на кандидатите за градоначалник на Тетово, Струга, Кичево и Дебар за учество во заедничка дебатна емисија, но ниту еден од нив, од различни причини, не ја прифатил поканата за соочување во дебата или за учество во индивидуално интервју.

***Дебати***

Во овој период како дебати тематски поврзани со Локалните избори 2025, беа емитувани две премиерни изданија и пет репризни изданија. Во дебатните емисии учествуваа аналитичари и универзитетски професор.

***<u>Табела 7: Дебатни емисии на МРТ2</u>***

| **МРТ2** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| 21.10 | Мурат Алиу, универзитетски професор<br>Абил Бауш, аналитичар | ЗООМ |

| | | |
|---|---|---|
| | Фатон Халили, аналитичар | |
| 28.10 | Џелал Незири, аналитичар<br>Беким Адили, аналитичар | ЗООМ |

### 3. Информирање за лицата со сетилна попреченост

МРТ2, во формат пристапен за лицата со попреченост, со титлување, ги емитуваше Вестите во 22:30 часот (секој ден) и двете дебати во ЗООМ, со што ги исполни обврските утврдени со член 75 ставови 1 и 4, како и од член 76-а став 4 од Изборниот законик.

## МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА – СОБРАНИСКИ СЕРВИС

За време на вториот круг од Локалните избори 2025 година, во периодот од 20 до 31 октомври, Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието продолжи секојдневно да емитува повици за бесплатно политичко претставување на кандидатите, со информација за распределбата на времето и начинот на кој можат да го користат времето. Учесниците во кампањата имаа можност да доставaт снимен материјал или да снимат директно обраќање во Собраниското студио во периодот од 10 до 13 часот, за што требаше еден ден претходно телефонски да се најават.

Бесплатното политичко претставување за вториот круг од Локалните избори 2025 почна да се емитува секој ден од 22 октомври, околу 19:00 часот. Вкупно беа емитувани 42 минути и 40 секунди бесплатно претставување на кандидатите за вториот круг за избор на градоначалници од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (27 минути и 35 секунди) и од Коалицијата предводена од СДСМ (15 минути и 5 секунди). Бесплатното емитување беше по принцип на ротирање на кандидатите од двете коалиции, односно со наизменичен дневен редослед.

## ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ПРИВАТНИ ТЕЛЕВИЗИИ

### АЛСАТ-М

1. **ДНЕВНОИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:**

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Вести на албански јазик од 16:00 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 20 октомври до 31 октомври 2025);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 4 часа 45 минути и 59 секунди;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

Во вториот круг од Локалните избори, телевизијата ја задржа истата уредничка определба како и во првиот круг од изборите, во Вестите од 16 часот да информира пошироко за изборниот процес, а во Вестите од 19 часот да емитува интервјуа, затоа со мониторингот во целина беа анализирани Вестите од 16 часот, а од Вестите од 19 часот беа опфатени само интервјуата.

ТВ АЛСАТ-М во централното издание на Вестите од 16.00 часот, до извесен степен ги почитуваше обврските за начинот на известување од Изборниот законик. Фокусот им беше ставен на кандидатите од четирите големи коалиции за кои обезбедија приближно еднакво време, иако коалициите имаа различен број на кандидати за градоначалници. Времето меѓу нив беше распоредено на следниов начин: Национална алијанса за интеграција-НАИ вкупно 17 минути и 19 секунди, ВЛЕН/ВРЕДИ - 16 минути и 34 секунди, Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ - 17 минути и 30 секунди, и Коалицијата на СДСМ - 13 минути и 26 секунди. Информираше за активностите на кандидатите за градоначалници во повеќе општини од државата од овие учесници во изборите. За кандидатот за градоначалник на Скопје од Левица одвои 3 минути и 20 секунди, а за двајцата кандидати на Движењето ЗНАМ- За наша Македонија одвои 5 минути и 23 секунди. Од кандидатите на парламентарните партии кои влегоа во вториот круг немаше информации за кандидатот на Коалицијата Искуство за успех предводена од ЛДП.

Телевизијата известуваше и за активностите на двајца независни кандидати што влегоа во вториот изборен круг, Менди Ќира, кандидат за градоначалник на Општина Струга, и Горан Стојковски – Диро, независен кандидат за градоначалник на Општина Куманово, а објави информација и за реакциите на единствената вонпарламентарна партија која ги продолжи изборите во вториот круг (Унија на Ромите).

Во рамките на кампањата за Локалните избори медиумот ги следеше и меѓупартиските обвинувања поврзани со предизборни манипулации во првиот изборен круг. Ги презентираше и официјалните статистички податоци од работата на Државната изборна комисија (ДИК) за првиот изборен круг, како и жалбите од политичките партии и прегласувањата во неколку општини. Во повеќе изданија на вестите беа опфатени и изборните нерегуларности нотирани од Министерството за внатрешни работи (МВР), Јавното обвинителство и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК). Медиумот, исто така, известуваше и за прелиминарниот извештај на ОБСЕ/ОДИХР, како и за експертските оценки за вториот изборен круг.

***Табела 8: Застапеност на субјектите по теми во дневноинформативното издание на ТВ Алсат - М***

| ТВ Алсат-М | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Други прилози** | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јавно обвинителство | 00:16:36 | 9,76 | % |
| Судство | 00:05:54 | 3,46 | % |
| Други субјекти | 00:29:10 | 17,15 | % |
| Граѓани | 00:32:56 | 19,36 | % |
| Влада | 00:24:30 | 14,41 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:14:38 | 8,61 | % |
| Здравство | 00:12:36 | 7,41 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:18 | 1,94 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:22:56 | 13,49 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:27 | 0,85 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:52 | 1,68 | % |
| Локална самоуправа (Данела Арсовска) | 00:02:16 | 1,33 | % |
| Претседател | 00:00:56 | 0,55 | % |
| | **Вкупно за тема: 02:50:05** | **100** | **%** |
| **Избори 2025** | | | |
| ДИК | 00:19:48 | 17,09 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:17:30 | 15,10 | % |
| Национална Алијанса за Интеграција – НАИ | 00:17:19 | 14,94 | % |
| Унија на Ромите | 00:00:50 | 0,72 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:16:34 | 14,30 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:13:26 | 11,59 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:05:23 | 4,64 | % |
| Данијел Стојановски - Група избирачи | 00:02:01 | 1,74 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:51 | 1,60 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:49 | 3,29 | % |
| Менди Ќира - Група избирачи | 00:04:56 | 4,26 | % |
| Горан Стојковски-Диро - Група избирачи | 00:01:47 | 1,54 | % |
| Левица | 00:03:20 | 2,88 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:00 | 4,32 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:01:10 | 1,01 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:10 | 1,01 | % |
| | **Вкупно за тема: 01:55:54** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 04:45:59** | | |

Во извештајниот период, Телевизија Алсат -М, во темата „Други прилози” најчесто известуваше за случувањата поврзани со ЈП „Комунална хигиена“, вклучувајќи ги обвинувањата и реакциите меѓу Владата и градоначалничката на Град Скопје Данела Арсовска, како и приведувањето на директорот на претпријатието и назначувањето на нов директор. Во вестите беа опфатени и реакциите на револтираните вработени поради доцнење на платите и недостаток на работни услови, како и препораките на Институтот за јавно здравје по ова прашање. Дополнително, се известуваше и за имунизацијата на населението, покачувањето на цените, протестите на вработените во ЈП „Паркови и зеленило“, за Меѓународниот форум за енергија и одржлив развој (IFESD-14), како и за одлуката на МВР за олеснување на условите за престој.

Во темата други прилози, значајно е и присусуството на субјекти во вестите што методолошки се водат во категоријата Други субјекти (29 минути и 10 секунди), меѓу кои се појавуваат: адвокати, Стопанска комора (СКМ), лекарска комора, пункт за бездомници, занаетчии, доктори.

Во вестите во 19 часот ТВ Алсат-М емитуваше 8 интервјуа, две беа со кандидати за градоначалници, а шест со претставници на политички партии.

***<u>Табела 9: Интервјуа на ТВ Алсат М во Вестите во 19 часот</u>***

| Алсат М | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| 21.10 | Арбер Адеми од Коалиција НАИ | - Зошто Ахмети не ги коментира резултатите од изборите;<br>- Дали Бујар Османи сè уште е заменик-лидер;<br>- Зошто немаше партија во централниот штаб Серава;<br>- Во 2021 година добивте 11 општини, а сега со Коалицијата добивате само 3 општини;<br>- Зошто изгубивте голем број гласови;<br>- Изјавата на Таравари за победата во првиот круг во Општина Гостивар. | **Интервју во вести** |
| 22.10 | Антонио Милошоски – Пратеник ВМРО-ДПМНЕ | - Резултати од првиот круг на Локалните избори;<br>- Конгрес на партијата ВМРО-ДПМНЕ;<br>- Ако не сакате да коалицирате со ДУИ, дали ќе коалицирате со партнерите на Коалицијата НАИ;<br>- Што очекувате во вториот изборен круг во Струга;<br>- Дали ВМРО-ДПМНЕ ќе има поддршка во Тетово;<br>- Измени на Уставот. | **Интервју во вести** |
| 23.10 | Изет Меџити – Лидер на Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | - Што мислите за старата политичка класа во ДУИ;<br>- Дали ВМРО-ДПМНЕ помогна за победата на ВРЕДИ;<br>- Кој е вашиот меѓусебен договор за поддршка на Орце Ѓеоргиевски и на Максим Димитриевски;<br>- Реконструкција на Владата и нов министер за екологија;<br>- Трансформација на коалицијата Влен во партија;<br>- Уставни измени;<br>- Состојбата со отпадот во Скопје. | **Интервју во вести** |
| 24.10 | Зијадин Села – Лидер на Алијанса за Албанците | - Зашто досега не ги коментиравте резултатите од првиот круг;<br>- Втор круг на гласање во Струга;<br>- Гласовите на Алијанса за Албанците во Дебар;<br>- Зошто ниеден од предложените кандидати за градоначалник на АА не победи;<br>- Од кого очекувате поддршка во Струга во вториот круг;<br>- Зашто сите партии освојуваат помалку гласови од претходните изборни циклуси;<br>- Предвремени парламентарни избори. | **Интервју во вести** |
| 27.10 | Мендух Тачи – Лидер на ДПА | - Ваше мислење за првиот круг од Локалните избори;<br>- Зошто го напуштивте Европскиот Фронт; | **Интервју во вести** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Мислење за Села и Таравари;<br>- Легитимитетот на Албанците во ова Влада;<br>- Вашите цели за во иднина;<br>- Дали ќе има предвремени парламентарни избори. | |
| 28.10 | Општина Тетово<br><br>Бајрам Реџепи од Коалиција НАИ | - Од кого очекувате поддршка во втор круг;<br>- Соработка со Левица;<br>- Поддршка од младите;<br>- Дали сте задоволни од резултатите во првиот круг и што очекувавте во вториот круг;<br>- Што ако не победите на изборите;<br>- Судбината на НАИ после Локалните избори. | **Интервју во вести** |
| 28.10 | Општина Тетово<br><br>Билал Касами од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | - Изјавата на Касами за поддршка на Дехари;<br>- Дали благодарение на ВМРО-ДПМНЕ освоивте голем број на гласови;<br>- Како ја коментирате изјавата на Мицкоски;<br>- Дали жителите на Тетово ќе имаат парк;<br>- Зградата на тетовскиот театар. | **Интервју во вести** |
| 29.10 | Башким Бакиу од Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | - Кој кандидат ќе го подржите во вториот круг;<br>- Политичката ситуација во Тетово;<br>- Коментар за револтот на кандидатот за градоначалник на Брвеница од Коалицијата ВРЕДИ;<br>- Поддршка на независниот кандидат за градоначалник на Општина Струга;<br>- Трансформација на Коалицијата ВЛЕН во партија. | **Интервју во вести** |

## 2. ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ЛИЦАТА СО СЕТИЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

ТВ АЛСАТ – М во согласност со својата законска обврска, во формат пристапен за лицата со попреченост, со титлување, секој ден во 23:30 часот емитуваше програма за Локалните избори 2025, додека за викенд емитуваше прилагодена актуелноинформативна емисија.

## ТВ АЛФА

### 1. ДНЕВНОИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Вести, од 17:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 20 октомври до 31 октомври 2025);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 6 часа 24 минути и 2 секунди;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа, извештај, осврт.

***Начин на известување***

Кај телевизија Алфа, во извештајниот период за вториот круг од изборите, во централното издание на Вестите од 17:30 часот, од квантитативен аспект, времето одвоено за активностите на учесниците во изборите што имаа свои кандидати за градоначалници, генерално беше во согласност со нивното учество во изборната трка во вториот круг. Кај големите коалиции (предводени од ВМРО-ДПМНЕ, од СДСМ, од ДУИ, и Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ) голем дел од одвоеното време беше за прилози поврзани со резултатите од првиот круг од кампањата, а дел за активностите на нивните кандидати за градоначалници во вториот круг од изборите. Од квалитативен аспект, во неколку прилози, по првиот круг од изборите, телевизијата користеше негативен тон и негативно врамување за Коалицијата предводена од СДСМ, и за Коалицијата предводена од ДУИ, а со позитивен тон и позитивно врамување известуваше за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и за Владата.

Во однос на непосредните активности на кандидатите за градоначалници што влегоа во вториот круг од изборната кампања, главно, со повеќе прилози, известуваше за активностите на кандидатите за градоначалник на Град Скопје (Орце Ѓорѓиевски од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Амар Мециновиќ од Левица) и за кандидатите за градоначалници што се натпреваруваа во три скопски општини: Центар (Мирослав Лабудовиќ од ЗНАМ, Горан Герасимовски од Коалицијата предводена од СДСМ), Аеродром (Дејан Митески од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Александар Трајановски од Коалицијата предводена од СДСМ) и Карпош (Сотир Лукровски од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Стевчо Јакимовски од Коалицијата Искуство за успех). При известувањето за трката за Градот Скопје и во трите скопски општини, медиумот, од квантитативен аспект, генерално известуваше подеднакво за кандидатите претенденти на градоначалничкото место. Од квалитативен аспект, главно известуваше со неутрален тон. Исклучок се два прилога, едниот посветен на кандидатите за градоначалник на Општина Карпош, во којшто телевизијата користеше негативен тон и негативно врамување за Стевчо Јакимовски од Коалицијата Искуство за успех, а позитивно врамување за Сотир Лукровски од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Вториот прилог, со негативен тон и негативно врамување, беше за Амар Мециновиќ, кандидатот за градоначалник на Град Скопје од Левица.

Телевизијата известуваше со по еден-два прилога и за активностите на некои од кандидатите за градоначалници на уште осум општини во Македонија. Беа регистрирани три прилози во кои известувањето за активностите на органите на власта беше во функција на изборната кампања на тројца кандидати за градоначалници: кандидатот за Општина Центар од ЗНАМ, Мирослав Лабудовиќ, како и на кандидатите за општините Крушево и Брвеница, Нико Чонески, односно Јовица Илиевски, двајцата од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Во трите прилози, покрај присутните кандидати за градоначалници, изјави имаше и вицепремиерот и министер за транспорт и врски, Александар Николоски. Во два од прилозите, министерот Николоски беше претставен како потпретседател на ВМРО-ДПМНЕ, а во третиот како вицепремиер и министер за транспорт. Но, сите изјави што ги дава, во присуство на тројцата градоначалници, согласно проектите што ги најави, се дадени во својство на министер за транспорт и врски или вицепремиер.

Во вториот круг од изборите, Телевизија Алфа главно информираше за активностите на четирите коалиции, трите предводени од ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ, за Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ и за политичката партија ЗНАМ. За севкупните активности на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ беа одвоени 42 минути, за активностите на Коалицијата предводена од СДСМ – 36 минути, за Коалицијата предводена од ДУИ – 13 минути, за Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ – 11 минути и исто толку за ЗНАМ. Време одвои и за Коалицијата Искуство за успех – 4 минути, за Унија на Ромите - 30 секунди, како и за петорица независни кандидати.

Телевизијата емитуваше осврт (4 минути и 36 секунди) посветен на ситуацијата со сметот во Скопје, за улогата на актуелната градоначалничка Данела Арсовска во хаосот со ѓубрето, како и очекувањата од двајцата кандидати за градоначалник на Град Скопје, за идно справување со ситуацијата.

Појавувањето на двете коалиции, едната предводена од СДСМ (повеќе од 3 минути), другата од ВМРО-ДПМНЕ (42 секунди) и на Левица (21 секунда) во темата „Други прилози“, се должи на известувањето за теми што не се директно поврзани со изборниот процес. Времето одвоено за Коалицијата предводена од СДСМ се однесува на: молкот на СДСМ на празникот 23 октомври; немањето одговор на СДСМ за изјавата на премиерот за Предвремени избори; и на барањето на СДСМ, Владата да се изјасни за разговорите со Велика Британија за прифаќање мигранти. Времето одвоено за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ беше за соопштението посветено на ситуацијата со сметот во Скопје. За став на истата тема, ситуацијата со сметот, беше и појавувањето на Левица.

Во извештајниот период, Телевизија Алфа, во темата „Други прилози“ најчесто известуваше за: ситуацијата со ѓубрето во Скопје (непостапувањето на градоначалничката Данела Арсовска и ЈП Комунална хигиена, организираноста на градоначалниците на скопските општини во решавање на ситуацијата со сметот, препораки на ИЈЗ, приведувањето на одговорните лица во ЈП Комунална хигиена); судските случаи против сопственикот на „Марковски компани“, „Онкологија“, напаѓачите на градоначалничката Арсовска; работната посета на владината делегација на Велика Британија и средбите со кралот Чарлс; посетата на претседателката Гордана Силјановска на Париз; на новите авио линии од скопскиот аеродром; прославата на празникот 23 октомври; состојбите во земјоделието; информации за културни настани итн.

Во темата „Други прилози“, значајно е и присуството на субјекти во вестите што методолошки се водат во категоријата „Други субјекти“ (56 минути), меѓу кои се појавуваат: Универзитетот Св.„Кирил и Методиј“ (УКИМ), Стопанска комора (СКМ), Регулаторна комисија за енергетика (РКЕ), скопскиот аеродром (ТАВ), Народна банка, Алкалоид, адвокати, професори, доктори, поранешни партиски функционери, режисе-ри/актери/музичари/писатели.

***<u>Табела 10: Застапеност на субјектите по теми во дневноинформативното издание на ТВ Алфа</u>***

| ТВ Алфа | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Коментари/ставови** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:32 | 33,33 | % |
| Левица | 00:01:32 | 33,33 | % |
| Локална самоуправа (Данела Арсовска) | 00:01:32 | 33,33 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:04:36** | **100** | **%** |
| **Други прилози** | | | |
| Други субјекти | 00:55:53 | 26,67 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:31:57 | 15,25 | % |
| Локална самоуправа (Данела Арсовска) | 00:07:17 | 3,48 | % |
| Граѓани | 00:08:48 | 4,20 | % |
| Влада | 00:36:08 | 17,25 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Претседател | 00:05:51 | 2,79 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:18:39 | 8,90 | % |
| Судство | 00:03:39 | 1,74 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:01:40 | 0,80 | % |
| Јавно обвинителство | 00:10:51 | 5,18 | % |
| Локална самоуправа | 00:06:48 | 3,25 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:02:57 | 1,41 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:10 | 5,81 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:42 | 0,33 | % |
| Собрание | 00:01:11 | 0,56 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:03:18 | 1,57 | % |
| Левица | 00:00:21 | 0,17 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:20 | 0,64 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:29:30** | **100** | **%** |
| **Избори 2025** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:41:53 | 24,65 | % |
| Искуство за Успех | 00:04:02 | 2,37 | % |
| Влада | 00:04:20 | 2,55 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:35:46 | 21,05 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:11:32 | 6,79 | % |
| ДИК | 00:09:37 | 5,66 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:15:26 | 9,08 | % |
| Левица | 00:10:40 | 6,28 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:11:09 | 6,56 | % |
| Единствена Македонија | 00:00:54 | 0,53 | % |
| Горан Стојковски-Диро - Група избирачи | 00:02:02 | 1,20 | % |
| Национална Алијанса за Интеграција – НАИ | 00:13:02 | 7,67 | % |
| Унија на Ромите | 00:00:30 | 0,30 | % |
| Венко Крстевски - Група избирачи | 00:00:19 | 0,19 | % |
| Менди Ќира - Група избирачи | 00:00:30 | 0,30 | % |
| Други субјекти | 00:02:32 | 1,50 | % |
| Сашо Пивковски - Група избирачи | 00:01:02 | 0,61 | % |
| Милосим Војнески - Група избирачи | 00:00:47 | 0,46 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:40 | 0,98 | % |
| Горан Марковски - Група избирачи | 00:00:21 | 0,20 | % |
| Граѓани | 00:01:00 | 0,59 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:52 | 0,51 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:49:56** | **100** | **%** |
| **Вкупно =** | **06:24:02** | | |

2. **Посебни информативни емисии:**

ТВ Алфа, премиерно реализираше вкупно 13 интервјуа, од кои 7 со претставници на политички субјекти: пет со претставници на ВМРО-ДПМНЕ (со кандидатот за градоначалник на Општина Карпош, Сотир Лукровски, со двајца пратеници, со министерот за внатрешни работи и со поранешниот градоначалник на Скопје, Коце Трајановски), како и уште две интервјуа, со претседателот на Македонски концепт, партија која е дел од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и со Мирослав Лабудовиќ, кандидат за градоначалник на Општина Центар од ЗНАМ, партија која е дел од владината коалиција на централно ниво. Разговорот со Мирослав Лабудовиќ бил предвиден да биде дебатна емисија меѓу него и кандидатот за градоначалник на СДСМ за истата општина, Горан Герасимовски, но Герасимовски не се одзвал на поканата.

Во дел од 13-те интервјуа имаше негативен тон и негативно врамување на СДСМ, Левица и ДУИ, а позитивен тон и позитивно врамување на ВМРО-ДПМНЕ и на Владата. Во некои од интервјуата можеа да се забележат и отворени или прикриени поддршки за некои од кандидатите за градоначалници на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ што влегоа во вториот изборен круг, а спротивно на тоа, оспорување, за некои од кандидатите на опозициските партии (Левица, СДСМ, ДУИ) и Коалицијата Искуство за успех.

***Интервјуа***

Премиерните 13 интервјуа во извештајниот период беа емитувани во три емисии: „За или против“, „Заспиј ако можеш“ и „Вечерното шоу на Богдан Илиевски“. Сите интервјуа, со исклучок на разговорот со министерот за внатрешни работи, беа посветени на изборите или доминантно за изборите, а во интервјуто со министерот, изборите зазедоа мал сегмент од разговорот.

Сите интервјуа, освен две, реализирани на последниот ден од кампањата (со Коце Трајановски и Петар Богојески, на 31 октомври), беа репризирани по еднаш, дел во полноќен термин, а дел во попладневниот термин, пред централните вести. На почетокот од кампањата за вториот круг, на 20 октомври, беше репризирано интервју со Мирослав Лабудовиќ, кандидат на ЗНАМ за градоначалник на Општина Центар, емитувано на крајот од кампањата за првиот круг од Локалните избори, на 17 октомври, во рамки на „Вечерното шоу на Богдан Илиевски“, каде гостуваа заедно со кандидатот за градоначалник на Општина Струмица од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Петар Јанков.

***Табела 11: Интервјуа на ТВ Алфа***

| ТВ Алфа | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **20.10.** | Драган Павловиќ – Латас, новинар | *Телоп: Изборни дилеми, небулози и патетики: Како СДСМ може да тврди дека не изгубиле на Локалните избори?*<br>- Изборните резултати на партиите и коалициите;<br>- Избори со 50% поддршка за Владата и нејзините политики;<br>- Гласањето од инает за Левица;<br>- Кој е поголем губитник од изборите, СДСМ или ДУИ? | **За или против** |
| **20.10.** | Цветин Чилиманов, новинар | *Телоп 1: ВМРО ДПМНЕ победи на изборите ама на СДСМ „не им е лошо“*<br>*Телоп 2: СДСМ изуби, Левица не победи*<br>*Телоп 3: Вреди конечно ја разби илузијата за семоќноста на ДУИ*<br>- Страшен пораз на СДСМ - продаден како победа; | **Заспиј ако можеш** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Обвинителството во заштита на СДСМ за големи корупциски скандали и трагедијата во Кочани;<br>- Математички халуцинации од СДСМ за изборните резултати;<br>- Резултатите на Левица и нивните калкулации во одредени општини со истакнување кандидати;<br>- Преживување на СДСМ до следните Парламентарни избори;<br>- Умереноста во победничкиот говор на премиерот Мицкоски и во стратегијата на партијата за изборите;<br>- Умереноста на ВЛЕН и коруптивноста и криминалите на ДУИ;<br>- Промена на политиките на САД во светот, кон Балканот и Македонија во мандатот на Трамп;<br>- Изборниот резултат на независните кандидати;<br>- Улогата на Данела Арсовска во изборната кампања на ДУИ. | |
| **21.10.** | Сотир Лукровски, кандидат за градоначалник на Општина Карпош од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | *Телоп: Битка за Карпош - Сотир Лукровски победник во првиот круг*<br>- Импресии по Првиот круг од изборите и остварениот резултат;<br>- Коалициски фронт против ВМРО-ДПМНЕ во Вториот круг во Карпош;<br>- Зошто Сотир Лукровски е вистинскиот избор за карпошани?<br>- Зошто противкандидатот Стевчо Јакимовски не треба да биде избор на карпошани?<br>- Обвинувањата на противкандидатот С.Јакимовски до Лукровски за идна бетонизација на Карпош и поделба на земјиште;<br>- Кандидатката на СДСМ за Карпош во функција на Стевчо Јакимовски;<br>- Идејата за формирање ЈП „Карпош план“, справување со сметот во општината, паркирањето;<br>- Измените на Законот за локална самоуправа и можноста градоначалникот да биде сменет;<br>- Најзначајни проекти од програмата - два мегапаркови, дигитализација;<br>- Очекувања од Вториот круг за Карпош и за другите општини - одговорноста од функцијата. | **За или против** |
| **22.10.** | Сотир Костов, политички аналитичар | *Телоп 1: Веселата математика со изборните резултати vs тажната реалност - како дебакл од 11:0 да го претставиш како голема победа?*<br>*Телоп 2: Од „резултатот не е лош“ до „ВМРО губат толку и толку гласови“ - небулозниот пат од релативизација до крајна манипулација.*<br>*Телоп 3: Кој губи има право да се лути, но не и да лаже.*<br>- Математиката на губитниците како Монти Пајтон;<br>- Признавање на поразот од страна на губитниците - соочување со реалноста; | **За или против** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Пораките од екс-социјалдемократи до СДСМ за нивната ароганција;<br>- Неопходност од реформи во СДСМ и ДУИ за силна опозиција;<br>- Вмешаност на Заев во изборите во Кочани;<br>- Губитници на изборите - Филипче, Ахмети, Таравари;<br>- Оставки на Филипче и Ахмети по поразот на изборите;<br>- Резултатите на партиите од владејачката коалиција и очекувањата од Вториот круг во повеќе општини. | |
| **22.10.** | Васко Наумоски, поранешен вицепремиер, универзитетски професор | *Телоп 1: Самит за Западен Балкан во Лондон*<br>*Телоп 2 Договорот со Британија влегува во сериозна фаза*<br>*Телоп 3: Локалните избори јасно покажаа кој е кој во македонската политика*<br>*Телоп 4: СДСМ веќе не е главна опозициска партија*<br>*Телоп 5: Трамп во борба со длабоката држава во САД*<br>- Берлинскиот процес во Лондон - реални очекувања;<br>- Важноста на Стратешкиот договор со Велика Британија;<br>- Проактивност во надворешната политика и трговија со новата Влада;<br>- Вложување во дипломатијата за подобри економски придобивки;<br>- Партиски толкувања на изборните резултати - СДСМ смета дека не се лоши;<br>- Надолен тренд на СДСМ, потребна силна опозиција - коректор на власта;<br>- Идеологијата на СДСМ, наратив за придобивање гласачи;<br>- Вреди победи, ДУИ треба да се реформира;<br>- Борба на администрацијата на САД со длабоката држава. | **Заспиј ако можеш** |
| **23.10.** | Владимир Божиновски, универзитетски професор | - Индикатори за победник на Локалните избори;<br>- Причините за помалата излезност на Локални и Претседателски избори;<br>- Резултатите од првиот круг споредено со анкетите;<br>- Излезноста во Вториот круг и прелевањето на гласови;<br>- Резултатите и изборот во втор круг во Карпош, Кичево, Струга, Тетово, Куманово;<br>- Поддршката на Билал Касами, кандидат на ВЛЕН, за кандидатот на ДУИ во Кичево;<br>- Кампањите за Локалните избори - за централни или локални теми;<br>- Одговорност за изборниот резултат на лидерот на СДСМ;<br>- Анализа на вториот круг за Град Скопје и Општина Центар. | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |
| **24.10.** | Ивона Талевска, новинарка | *Телоп: Што најави првиот круг од Локалните избори?*<br>- Ситуацијата со сметот во Скопје; | **За или против** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Пораките од гласачите до партиите во Првиот круг од изборите;<br>- Очекувања за излезноста во вториот круг од изборите;<br>- Резултатите за градоначалници од првиот круг и очекувањата за вториот круг;<br>- Пораката на гласачите во Чаир кон ДУИ и во други општини;<br>- Изборната трка и реториката во вториот круг од изборите во Град Скопје;<br>- Толкувањето на изборните резултати од страна на СДСМ - победници во поразот;<br>- Смена на раководството на СДСМ;<br>- Посетата на премиерот Мицкоски на Лондон - нови инвестиции, деманти за мигрантски кампови. | |
| **27.10.** | Мирослав Лабудовиќ, кандидат за градоначалник на Општина Центар од ЗНАМ | *Телоп: Битка за Центар: Дојде ли време за промени во општината која е „лицето“ на Скопје и Македонија?*<br>- Односот на Горан Герасимовски - причините за неучеството на дебата на ТВ Алфа и ТВ Телма;<br>- Разликата во гласови од првиот круг со противкандидатот - надоместлива или не;<br>- Општина Центар рекордер во издадени дозволи за градба - 300 во мандатот на Герасимовски;<br>- Што е изградено во 4 годишниот мандат на Горан Герасимовски;<br>- Информациите на министерот за правда дека Венко Филипче и Зоран Заев имаат вмешаност во дозволите за градба и во Општина Центар;<br>- Предизвици за решавање во Општина Центар - стопирање на бетонизацијата, сообраќајниот хаос, паркирањето;<br>- Претставувањето на Горан Герасимовски како натпартиски кандидат и дистанцирањето од СДСМ - шема за придобивање на гласовите од независните;<br>- Планови за одржување на градската чистота;<br>- Очекувањата од гласањето во вториот круг.<br><br>Водителот информираше дека емисијата била замислена како дебатна, бил поканет и Горан Герасимовски, кандидатот за градоначалник на Општина Центар од Коалицијата предводена од СДСМ, но тој не се одзвал на поканата. | **За или против** |
| **27.10.** | Тони Јаревски, пратеник на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | *Телоп 1: Скопје се дави во смет, приведени одговорни*<br>*Телоп 2: Го делат ли сите во СДСМ оптимизмот на Филипче?*<br>*Телоп 3: Карпош пред избор: Нов пристап или се по старо*<br>*Телоп 4. Дали подземните коалиции ќе станат и јавни?* | **Заспиј ако можеш** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Приведени одговорни од ЈП Комунална хигиена за ситуацијата со ѓубрето во Скопје, улогата на Данела Арсовска;<br>- Дали пратениците на СДСМ го делат ентузијазмот на Венко Филипче во поглед на изборните резултати;<br>- Изборите во Општина Карпош во вториот круг - умерениот Сотир Лукровски и радикалниот пристап на Стевчо Јакимовски;<br>- Изјавите на премиерот Христијан Мицкоски за понудите од Стевчо Јакимовски по победата на изборите во 2021 година и одговорите на Јакимовски;<br>- Кампањата на ВМРО ДПМНЕ кон Стевчо Јакимовски во Карпош - без оцрнувања и искористување на слабостите со црната листа на САД и судската пресуда за Јакимовски;<br>-  Непринципиелна коалиција меѓу СДСМ, Левица, приватни инвеститори и Јакимовски против Сотир Лукровски и ВМРО-ДПМНЕ во Карпош;<br>- Спинови за проект „Карпош на вода“. | |
| **28.10.** | Бране Петрушевски, пратеник на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ | *Телоп: 5 дена до изборното соочување во изборниот круг - каде исчезнаа Филипче и Ахмети?*<br>- Очекувања од вториот круг на изборите;<br>- Функционирањето како машина на ВМРО-ДПМНЕ низ годините, со хиерархиска поставеност - слаба организација кај другите партии;<br>- Изборот/селекција на кандидатите за избори на ВМРО-ДПМНЕ;<br>- Битката во Скопје меѓу Орце Ѓорѓиевски и Амар Мециновиќ;<br>- Изборниот резултат на СДСМ во Куманово - дебакл за партијата;<br>- Очекувањата за Карпош и Центар во вториот круг;<br>- Информации за средби и вмешаност на Заев во изборите во Кочани;<br>- Тврдењата на СДСМ и Филипче дека се победници на изборите;<br>- Стотина кривични пријави процесуирани од Владата, заглавени во ЈО. | **За или против** |
| **30.10.** | Панче Тошковски, министер за внатрешни работи | *Телоп: Дали МВР ќе влезе и во Град Скопје?*<br>- Гарантирање на безбедноста од страна на МВР во вториот изборен круг;<br>- Дојавите за лажни бомби во училишта во Скопје и Куманово;<br>- Преземените дејствија на МВР во ЈП Комунална хигиена поради состојбата со ѓубрето во Скопје;<br>- Изречени мерки/казнена политика согласно измените на Законот за безбедност во сообраќајот;<br>- Функционирањето на системот „Сејф сити“;<br>- Постапувањето на сообраќајната полиција. | **За или против** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **31.10.** | Коце Трајановски, поранешен градоначалник на Скопје, директор на ЈП Државни патишта | *Телоп: Кои се предизвиците за Скопје и Македонија - интервју со човекот кој остави најсилен белег врз Скопје*<br>- Фаворитот на гостинот за градоначалник на Скопје - квалитетите на Орце Ѓорѓиевски пред Амар Мециновиќ;<br>- Проекти што му се неопходни на Скопје за современ град;<br>- Решавањето на проблемот со сметот во Скопје;<br>- Започнати проекти во мандатот на Коце Трајановски што не ги довршиле следните градоначалници;<br>- Важноста новиот градоначалник на Скопје да биде близок со власта;<br>- Големи сообраќајни проекти на кои ЈП Државни патишта работи низ Македонија. | **За или против** |
| **31.10.** | Петар Богојески, претседател на Македонски концепт, професор на Воената академија | - Оценка за кампањата и резултатите од првиот круг од изборите;<br>- Концептот на државно финансирање на политичките партии;<br>- Резултатите од првиот круг во Крушево и очекувања;<br>- Амар Мециновиќ како кандидат за градоначалник на Скопје;<br>- Дебатата меѓу Орце Ѓоргиевски и Амар Мециновиќ - кој победил, кој изгубил;<br>- Проценки за втор круг во Тетово, Струга, Карпош. | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |

***Дебати***

Во вториот круг од изборната кампања, премиерно беа емитувани три дебатни емисии. Телевизијата, во рамки на емисијата „За или против“, емитуваше дебатно соочување меѓу двајцата кандидати за градоначалник на Општина Валандово, Перо Костадинов од Коалицијата предводена од СДСМ и Ѓоко Камчев од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Втората дебатна емисија, реализирана на изборни теми, беше со поранешниот пратеник од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, Илија Димовски, и политичкиот аналитичар, Петар Арсовски, емитувана во рамки на „Вечерното шоу на Богдан Илиевски“. Во третата дебата, реализирана во емисијата „Заспиј ако можеш“, во која покрај за изборите се дискутираше и за актуелни внатрешни и надворешни политички и безбедносни теми, гостуваа универзитетскиот професор Жидас Даскаловски и политичкиот аналитичар, Раби Седрак. Дебатите беа репризирани.

***Табела 12: Дебатни емисии на ТВ Алфа***

| **ТВ Алфа** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **24.10.** | **1. Илија Димовски, поранешен пратеник на ВМРО-ДПМНЕ;**<br>**2. Петар Арсовски, политички аналитичар.** | **Вечерното шоу на Богдан Илиевски** |
| **28.10.** | **1. Жидас Даскаловски, универзитетски професор;**<br>**2. Раби Седрак, политички аналитичар.** | **Заспиј ако можеш** |
| **29.10.** | **1. Перо Костадинов, градоначалник на Општина Валандово и кандидат за градоначалник од Коалицијата предводена од СДСМ;**<br>**2. Ѓоко Камчев, кандидат за градоначалник на Општина Валандово од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ.** | **За или против** |

***Други информативни емисии***

Во анализираниот дванаесетдневен период, беше емитувано едно премиерно издание на политичкиот магазин „Седмица“ (26 октомври) и едно негово репризно издание. Во емисијата, од страна на водителот, беа емитувани екстензивни критички коментари за активностите на опозициските партии СДСМ и ДУИ, проследени со негативен тон и негативно врамување за нивното политичко делување и изборните резултати. Критички коментари, со негативен тон и врамување имаше и за Левица и за кандидатот за градоначалник на Општина Карпош од Коалицијата Искуство за успех, Стевчо Јакимовски. Со позитивен тон и позитивно врамување се говореше за политиките на Владата и за изборните резултати од првиот круг на владините партнери ВМРО-ДПМНЕ и Вреди.

Вкупно беа емитувани четири премиерни изданија на „Вечерното шоу на Богдан Илиевски“, кадешто во воведниот дел, беа емитувани уреднички коментари на водителот на емисијата. Беа емитувани екстензивни критички коментари за СДСМ и за актуелниот градоначалник на Општина Карпош и кандидат за градоначалник од Коалицијата Искуство за успех, Стевчо Јакимовски, проследени со негативен тон и негативно врамување за политичкото делување на СДСМ и нивните изборни резултати од првиот круг и за работата на Јакимовски како досегашен градоначалник. Критички коментари имаше и за ДУИ, Левица и нивниот кандидат за градоначалник на Град Скопје, Амар Мециновиќ. Три од уредничките коментари беа репризирани.

Во вториот круг од изборната кампања, беа емитувани пет премиерни изданија на контактно-информативната емисија „Збор по збор“ и четири контактноинформативни сегменти во рамки на утринската програма „Добро утро, секое утро“, во коишто тема за разговор со гледачите беа изборите. Тие своите мислења можеа да ги искажат за следниве теми: *„Првиот круг како јасен показател какви проекти сакаат граѓаните?“* („Добро утро, секое утро“, 20 октомври); *„Во прв круг избрани 44 градоначалници, втор круг ќе има во 33 општини, повторување во три“* („Збор по збор“, 20 октомври); *„Резултатите од Локалните избори „шлаканица“ за СДСМ и ДУИ?!“* („Добро утро, секое утро“, 21 октомври); *„Ќе се извлече ли СДСМ од калта во која тоне? Ребрендирање или оставки – што би ја вратило партијата на стариот колосек?“* („Добро утро, секое утро“, 22 октомври); *„Граѓаните незаинтересирани за изборите – помалку од половина излегле на гласање, а зголемен бројот на неважечки ливчиња“* („Збор по збор“, 22 октомври); *„Една недела до вториот круг на изборите“* („Збор по збор“, 27 октомври); *„СДСМ се соочува со потреба од длабоки промени по изборниот пораз“* („Збор по збор“, 28 октомври); *„Последен ден од кампањата пред вториот круг од Локалните избори“* („Добро утро, секое утро“, 31 октомври); *„Последен ден од кампањата, в недела втор круг од Локалните избори?“* („Збор по збор“, 31 октомври).

## 3. Информирање за лицата со сетилна попреченост

Пред почетокот на изборната кампања, Телевизија Алфа, во рамки на својата законска обврска, ја извести Агенцијата дека во формат пристапен за лицата со попреченост, со знаковен јазик, ќе ги направи достапни Вестите што секојдневно се емитуваат во 20:15 часот, а дека политичкиот магазин „Седмица“, што се емитува секоја недела во 20:30 часот, ќе биде титлуван.

Овие емисии беа емитувани и во вториот круг од изборите на начинот на којшто беа пријавени, Вестите со превод на знаковен јазик, а „Седмица“ со титл, со што Телевизијата ги исполни обврските од член 75 ставови 1 и 4 од Изборниот законик.

## ТВ КАНАЛ 5

1. **ДНЕВНОИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:**

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: ТВ Дневник во 18 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 20 до 31 октомври 2025 г.);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 4 часа 32 минути и 41 секунда;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***<u>Начин на известување</u>***

Во рамките на централното издание на ТВ Дневникот од 18 часот, новинарските прилози издвоени за рубриката „Локални избори 2025“ главно произлегоа од партиските коментари за исходот по првиот изборен круг, како и од шпекулациите/проценките за можните (не)принципиелни коалицирања во одредени општини каде изборната разрешница се очекуваше од вториот круг. Вон рамките на ТВ Дневникот, но како рубрика со логичен след на основната информативна тема, во посебно издвоена „Изборна хроника“ беа конвенционално бележени (варијабилно - 30/45 секунди) извадоци од изборната понуда главно на кандидатите за градоначалници на скопските општини – Аеродром, Карпош и Центар. Со ваков пристап, може да се рече дека информативната редакција на ТВ Канал 5 до извесен степен ги почитуваше обврските од членот 75 став 1 и членот 75-а став 1 точка в) од ИЗ, односно барањата за - правично, избалансирано и непристрасно известување, со почитување на принципот на еднаквост за избор на градоначалници. Притоа, ако се погледне табелата со статистиката за застапеноста на субјектите во темата „Избори 2025“ од ТВ Дневникот, мора да се земе предвид дека: поголемата инфо-минутажа во збирот за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (околу 33 минути), произлезе пред сѐ од следниве околности: низа прилози за можното коалицирање меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ВЛЕН за општините – Куманово, Кичево, Тетово, Дебар и Струга; консеквентните партиски реакции (повторно - посебно нагласени од лидерството на ВМРО-ДПМНЕ) против повиците за т.н. „етноцентристичко“ гласање во општините со доминантна албанска заедница (во овој контекст треба да се чита и двоцифрената информативна минутажа – околу 13 минути - за Коалицијата ВЛЕН); очекувањето коалициска поддршка за Орце Ѓоргиевски, кандидатот на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ за градоначалник на Скопје, но и релативно долгите редакциски прилози направени по изборниот дуел меѓу него и Амар Мециновиќ (Левица), соочување што се случи ексклузивно токму на ТВ Канал 5. За сите овие три доминантни аспекта од Локалните избори 2025 беше побарано и (до)објаснение од аналитичари/експерти за македонското политичко милје, па оттаму произлегоа безмалку 12 минути, прибележени меѓу највидливите прилози во вестите/извештаите во пресрет на вториот изборен круг. Што се однесува до другите учесници во изборниот процес, за Коалицијата предводена од СДСМ се известуваше во прилози со траење од околу 19 минути, за Левица околу 7 минути, за Национална алијанса за интеграција – НАИ и за Движењето ЗНАМ – по околу 6 минути, Искуство за Успех – околу 4 минути, додека времето за тројцата независни кандидати се брои во секунди.

Во темата насловена – „Други прилози“, најбројни беа оние во врска со (не)очекуваниот притвор за директорот на Јавното претпријатие Комунална хигиена – Скопје, што беше сфатен како сигнал, зачеток на можна правна разврска за скопската еко-катастрофа, настаната со повеќемесечно трупање комунален отпад, а принудно наметната и од јавноста протолкувана дури и како нов облик кампања за Локалните избори 2025. На оваа тема, под категоријата „Локална самоуправа“, бележени се изјави, соопштенија и прес-конференции на Горан Герасимовски (Коалиција предводена од СДСМ), во својство на актуелен и на повторен кандидат за градоначалник на Општина Центар, и на Орце Ѓорѓиевски (Коалиција предводена од ВМРО ДПМНЕ), во двојна улога – како претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), но и како кандидат за градоначалник на Скопје. Врз основа на овој мотив, се надоврзуваа и реакциите на – Данела Арсовска, сѐ уште актуелната градоначалничка на Скопје, потоа на Јавното обвинителство и на првонадлежните судови. Во

ставката „Други субјекти“, која во централните изданија на ТВ Дневникот зазема видливо време од околу 36 минути, бележени се изјавите на: адвокати/правни застапници во тековни судски спорови/постапки, синдикални здруженија, економско-маркетиншки активности на домашни фирми, Лекарската комора и настани од културата и забавата.

***Табела 13: Застапеност на субјектите по теми во дневноинформативното издание на ТВ Канал 5***

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Судство | 00:12:02 | 7,54 | % |
| Други субјекти | 00:34:56 | 21,89 | % |
| Локална самоуправа | 00:10:20 | 6,48 | % |
| Граѓани | 00:00:53 | 0,55 | % |
| Локална самоуправа (Данела Арсовска) | 00:07:58 | 4,99 | % |
| Влада | 00:25:09 | 15,75 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:37:51 | 23,71 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:54 | 6,83 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:19 | 1,45 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:08:11 | 5,13 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:26 | 0,90 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:26 | 2,78 | % |
| Претседател | 00:03:12 | 2,01 | % |
| | **Вкупно за тема: 02:39:37** | **100** | **%** |
| **Избори 2025** | | | |
| ДИК | 00:06:34 | 5,80 | % |
| Национална Алијанса за Интеграција – НАИ | 00:06:21 | 5,61 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:19:10 | 16,95 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:33:10 | 29,33 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:13:19 | 11,78 | % |
| Левица | 00:07:20 | 6,49 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:06:05 | 5,38 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:56 | 10,55 | % |
| Искуство за Успех | 00:04:16 | 3,77 | % |
| Азем Садики - Група избирачи | 00:00:26 | 0,38 | % |
| Други субјекти | 00:01:08 | 1,00 | % |
| Сашо Пивковски - Група избирачи | 00:00:38 | 0,56 | % |
| Милосим Војнески - Група избирачи | 00:00:38 | 0,56 | % |
| Марјан Калевски - Група избирачи | 00:00:56 | 0,83 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:07 | 0,99 | % |
| | **Вкупно за тема: 01:53:04** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 04:32:41** | | |

## 2. Посебни информативни емисии

ТВ Канал 5 организираше три дебати меѓу кандидатите што влегоа во вториот круг за избор на градоначалници, почитувајќи ги принципите што се обврска од членовите 75 став 1 и 75-а став 1 точка в) од Изборниот законик.

Во другите дебати и интервјуа, осмислени како посебни актуелно-информативни емисии, простор им беше отстапен на јавно познати политички аналитичари што полемизираа - и за конкретната изборна тема и за причините и последиците на постојниот македонски општествено-политички амбиент.

### *Интервјуа*

Реализирани беа две интервјуа со политичките аналитичари, некогашни пратеници во македонското Собрание, Абдулади Вејсели и Тито Петковски.

***Табела 14: Интервјуа на ТВ Канал 5***

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **20.10.** | Абдулади Вејсели, политички аналитичар | - Оценка за изборниот резултат на НАИ, предводена од ДУИ;<br>- Ривалството – ВЛЕН – НАИ;<br>- Коментар за изборните резултати во општините со мнозинска албанска заедница;<br>- Став за политичката кариера на Блерим Беџети, поранешен градоначалник на Општина Сарај;<br>- Гледиште за политичкиот потенцијал на Изет Меџити;<br>- Навики и карактеристики на просечниот гласач - Албанец од Скопје;<br>- Улогата на Артан Груби како потенцијална лидерска замена за Али Ахмети. | **На кавга со Иван** |
| **30.10.** | Тито Петковски, политички аналитичар | - Коментар за изборните резултати по првиот круг;<br>- Што е општествено-политички гарант за „фер и демократски“ избори;<br>- (Не)можноста за враќање на Никола Груевски;<br>- Потенцијалот на Амар Мециновиќ во вториот изборен круг;<br>- Внатрепартиските процеси во СДСМ;<br>- Локалните избори 2025 како вовед во предвремени парламентарни избори;<br>- Промена на изборната свест – да се гласа за кандидат, а не за партија;<br>- Политички механизми за можна промена на Уставот;<br>- Коментар за состојбата во т.н. „албански политички табор“, ривалството – ВЛЕН - НАИ;<br>- Етнонационализмот како изборен адут;<br>- Билатералните односи и ЕУ-интеграциите. | **Само интервју** |

### *Дебати*

Емитувани беа вкупно 8 дебати, од кои 3 конкретно како предизборни соочувања, а другите меѓу различни професионални профили општествено-политички експерти. Фокусни теми беа: гледиштата за

изборниот резултат по првиот изборен круг; очекувањата, проценките за можните (не)принципиелни коалицирања во вториот изборен круг; резиме за сегашната состојба на Коалицијата НАИ и за политичката иднина на раководството на ДУИ (Али Ахмети/Артан Груби/Бујар Османи); партиските реакции по јавните повици, во одредени општини од Западна Македонија да се гласа по етничка линија; моќта на изборната коалиција ВЛЕН и ВМРО-ДПМНЕ; потенцијалот на независните кандидати, како изборна алтернатива меѓу „синото“ (СДСМ) и „црвеното“ (ВМРО-ДПМНЕ); финеси во изборните понуди меѓу соперниците за одредени општини и др.

***__Табела 15: Дебатни емисии на ТВ Канал 5__***

| ТВ КАНАЛ 5 | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **20.10.** | - Ѓулистана Марковска, политичка аналитичарка<br>- Ристо Никовски, политички аналитичар<br>- Благојче Атанасовски, политички аналитичар<br>- Љуљзим Фаризи, политички аналитичар | | **Само вистина** |
| **21.10.** | - Илија Димовски, политички аналитичар<br>- Александар Кржаловски, политички аналитичар | | **Само вистина** |
| **22.10.** | - Халил Снопче, Коалиција НАИ;<br>- Драгана Бојковска, Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ; | | **Само вистина** |
| **24.10.** | - Александар Трајановски, Искуство за успех<br>- Сотир Костов, политички аналитичар | | **Само вистина** |
| **27.10.** | - Александар Трајановски, кандидат за градоначалник на Општина Аеродром од Коалицијата предводена од СДСМ;<br>- Дејан Митески, кандидат за градоначалник на Општина Аеродром од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ; | | **Само вистина** |
| **28.10.** | - Орце Ѓоргиевски, кандидат за градоначалник на Скопје од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ;<br>- Амар Мециновиќ, кандидат за градоначалник на Скопје од Левица | | **На дуел кај Иван** |
| **29.10.** | - Максим Димитриевски, кандидат за градоначалник на Општина Куманово, Движење ЗНАМ-За наша Македонија;<br>- Горан Стојковски – Диро, независен кандидат за градоначалник на Општина Куманово | | **Само вистина** |
| **31.10.** | - Есад Рахиќ, поранешен пратеник од СДСМ<br>- Бојан Стојаноски, пратеник од ВМРО-ДПМНЕ | | **Само вистина** |

### 3. Информирање за лицата со сетилна попреченост

ТВ Канал 5 во формат пристапен за лицата со попреченост, со знаковен јазик ги емитуваше изданијата на ТВ Дневникот од 18 часот и, во работните денови од неделата, посебно издвоената „Изборна хроника“, со што ги исполни обврските од членот 75 ставови 1 и 4 од Изборниот законик.

## ТВ СИТЕЛ

### 1. ДНЕВНОИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: ТВ Дневник во 19 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 20 до 31 октомври 2025 г.);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 6 часа 42 минути 35 секунди;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***<u>Начин на известување</u>***

Сиот материјал за анализа на информативниот пристап на ТВ Сител за различните аспекти од вториот круг на Локалните избори 2025 година, се оформи од 12-те изданија на централниот ТВ Дневник од 19 часот. Поделен е на три дела: со речиси еднаква минутажа прилози во темата - *„Избори 2025*" – 1 час 54 минути и 56 секунди, и – 1 час 55 минути и 28 секунди за темата составена од новинарски – „*Други прилози*" од македонското општествено-политичко секојдневие. Во преостанатото информативно време за Дневникот од 19 часот влегоа интервјуата – 2 часа 52 минути и 11 секунди - направени под наслов – „*Тема на денот*". Може да се рече дека, во околности на изборно редуциран број ривали за градоначалници, ТВ Сител се обиде во известувањето за кампањата и во интервјуата, да го почитува принципот на еднаквост, воспоставен преку членовите 75 став 1 и 75-а став 1 точка в) од Изборниот законик, но под услов да се има предвид дека редакцискиот фокус беше насочен речиси исклучиво кон кандидатите од редовите на коалициите предводени од владејачката ВМРО-ДПМНЕ (речиси 24 минути) и од опозициската СДСМ (20 минути) и тоа главно за скопските општини – Аеродром, Карпош и Центар. Во овој, партиско/коалициски поларитет, позачестени беа и дневните куси прилози (изјави/снимен промо-материјал) и за Мирослав Лабудовиќ, кандидатот на Движењето ЗНАМ за градоначалник на Општина Центар (околу 6 ипол минути) и за Амар Мециновиќ, кандидатот на партијата Левица за градоначалник на Скопје (околу 4 минути), Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ (околу 11 ипол минути) и НАИ (близу 7 минути). Нешто над минута траат прилозите за двајца актуелни градоначалнички кандидати предложени од групи избирачи, а помалку од тоа имаше Коалицијата Искуство за успех. Немаше информации за кампањата на кандидатот од партијата Унија на Ромите.

Од 20 октомври, почетниот датум од кампањата за вториот изборен круг, новинарското внимание беше насочено кон партиската и политиколошката рекапитулација на резултатите по првиот циклус гласање, илустрирана комбинирано - со подолги извештаи од организираното славје низ победничките изборни партиски штабови, со изјави и прес-конференции на победените и со најави/шпекулации за политичките стратегии за настап во општините за чија власт требаше да се почека вториот изборен циклус. Оттука-натаму, календарот на изборните настани и случувања тематски се прошири низ новинарски прилози прво околу партиските повици за т.н. – „етноцентризам" наместо логичниот граѓански принцип при гласањето за градоначалник, а потоа и околу можните коалициски соработки меѓу – ВМРО-ДПМНЕ, ВЛЕН и ЗНАМ - во општините со мешан етнички состав (Куманово, Струга, Кичево, Тетово, Дебар).

Како општествен фон за наменските изборни ветувања на партиите, коалициите и на кандидатите, стојат повеќеслојните новинарски прилози по притворот што Основното јавно обвинителство (ОЈО) го одреди за Сабахудин Рустеми, директорот на ЈП „Комунална хигиена" – Скопје, и за Аки Саити, управител за отпад. За овие прилози, изготвени преку вести во низа, освен ОЈО, други извори на информации беа: Владата, најчесто споменувана преку надлежностите на Министерството за внатрешни работи, потоа локалната самоуправа, прикажувана низ меѓуопштинската соработка преку ЗЕЛС и соопштенија на Данела Арсовска, сè уште актуелната градоначалничка на Скопје, но не изостанаа и реакциите на коалициите предводени од партиите ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Свое место во овој изборно контекстуализиран мозаик, најдоа и предупредувањата на докторите по медицина (здравствена политика/експерти/други субјекти), но, конечно, и гласот на граѓанинот,

последната адреса во целиот изборен процес. Редовните активности на Владата беа нотирани преку настапот и изјавите на Сања Божиновска, министерката за енергетика, на Самитот за енергетика, одржан во Скопје, но и преку повеќедневната работна посета што, во прилог на Самитот за Западен Балкан, членови од македонската Влада ја одржаа со соодветни високи владини функционери на Обединетото Кралство. Во ставката „Други субјекти“ влегоа - Лекарската комора, адвокати на обвинети во тековни судски рочишта важни за општественото живеење, изјави поврзани со изборот на македонски судија - член на Европскиот суд за човекови права, но и релативно опширните извештаи од свеченостите по повод државниот Ден на македонската револуционерна борба.

***Табела 16: Застапеност на субјектите по теми во дневноинформативното издание на ТВ Сител***

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Други субјекти | 00:21:26 | 18,56 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:17 | 5,44 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:20 | 3,75 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:18:41 | 16,18 | % |
| Влада | 00:14:03 | 12,16 | % |
| Локална самоуправа | 00:08:38 | 7,47 | % |
| Јавно обвинителство | 00:11:54 | 10,31 | % |
| Граѓани | 00:02:52 | 2,48 | % |
| Локална самоуправа (Данела Арсовска) | 00:08:13 | 7,11 | % |
| Судство | 00:06:40 | 5,78 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:04:39 | 4,03 | % |
| Претседател | 00:00:08 | 0,12 | % |
| Собрание | 00:00:08 | 0,12 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:05 | 0,94 | % |
| Здравство | 00:01:20 | 1,15 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:02:55 | 2,53 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:09 | 1,86 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:55:28** | **100** | **%** |
| **Интервјуа во вести** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:11:55 | 41,77 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:43:37 | 25,33 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:19:38 | 11,40 | % |
| Левица | 00:18:39 | 10,83 | % |
| Влада | 00:18:22 | 10,67 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:52:11** | **100** | **%** |
| **Избори 2025** | | | |
| ДИК | 00:10:35 | 9,21 | % |
| Милосим Војнески - Група избирачи | 00:01:11 | 1,03 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:20:00 | 17,39 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:06:26 | 5,59 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:23:58 | 20,86 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Левица | 00:04:16 | 3,71 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:11:31 | 10,03 | % |
| Национална Алијанса за Интеграција – НАИ | 00:06:47 | 5,91 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:19:12 | 16,71 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:01 | 3,49 | % |
| Искуство за Успех | 00:00:27 | 0,39 | % |
| Билјана Ивановска - Група избирачи | 00:00:42 | 0,61 | % |
| Сашо Пивковски - Група избирачи | 00:01:09 | 1,00 | % |
| Граѓани | 00:01:18 | 1,13 | % |
| Други субјекти | 00:03:23 | 2,94 | % |
| | **Вкупно за тема: 01:54:56** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 06:42:35** | | |

Во рамките на ТВ Дневникот од 19 часот, за периодот на вториот изборен круг беа емитувани 9 интервјуа. Со исклучок на двете интервјуа - со претставник на Движењето ЗНАМ и на партијата Левица, соговорници на новинарите од информативната редакција на ТВ Сител беа исклучиво кандидати од коалициите на опозициската СДСМ и од владејачката ВМРО-ДПМНЕ, но и во оваа ТВ-форма не беа прикажани конкретните ривали за една иста општина, туку – ривалството на партиите/изборните коалиции, што може да се види во следнава табела:

***Табела 17: Интервјуа во ТВ Дневникот од 19 часот на ТВ Сител***

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **22.10.** | Орце Ѓорѓиевски, кандидат на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ за градоначалник на Скопје | - Јавно и јасно разграничување на ингеренциите меѓу градоначалникот, Советот на Скопје и на Јавното претпријатие за комунална хигиена;<br>- Соработката во рамките на ЗЕЛС;<br>- Последиците од партискиот конфликт со Данела Арсовска, сѐ уште актуелната градоначалничка на Скопје;<br>- Темелни урбанистички и инфраструктурни проекти за подобра конекција меѓу општините на Скопје;<br>- Како успешно да се менаџираат постојните долгови на јавните претријатија;<br>- Ќе има ли успешна соработка со советниците на градот, кои сега се мнозинство од владејачката ВМРО-ДПМНЕ;<br>- Искуството од градоначалничкиот мандат во Општина Кисела Вода;<br>- Од кого очекува изборна поддршка за вториот круг;<br>- Екипирање на менаџерскиот тим;<br>- Доработка и конечно спроведување на постојните проекти;<br>- Ребаланс на градскиот буџет;<br>- Решенија за собраќајниот хаос. | **„Тема на денот“ – интервјуа во ТВ Дневникот од 19 часот** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **23.10.** | Влатко Грозданов, кандидат на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ за градоначалник на Општина Кочани | - Оценка за исходот од првиот изборен круг и очекување за крајниот исход;<br>- Од кого очекува да добие поддршка за вториот круг;<br>- Мотивот да се кандидира во траорна атмосфера по трагедијата со пожарот на дискотеката „Пулс“;<br>- Решенија за тридеценискиот застој на Општината;<br>- Коментар за контроверзните средби со поранешниот градоначалник на Кочани од спротивниот политички табор;<br>- Коментар за оформеното обвинение за пожарот во дискотеката „Пулс“. | |
| **24.10.** | Александар Трајановски, кандидат на Коалицијата предводена од СДСМ за градоначалник на Општина Аеродром | - Од каде ја очекува поддршката за вториот изборен круг;<br>- Дали преговара за поддршка од кандидатите што испаднаа;<br>- Можна ли е коалиција меѓу СДСМ и Левица;<br>- Има ли ефект од изборна кампања составена од критики и ветувања?<br>- Кој дел од Општина Аеродром е најнезадоволен од неквалитетот на живеењето? | |
| **25.10.** | Амар Мециновиќ, кандидат на Левица за градоначалник на Скопје | - На што се должи зголемената поддршка на скопјани во споредба со минатите ЛИ?<br>- Со која стратегија би ја достигнал огромната предност на противкандидатот?<br>- Можна ли е коалиција меѓу Левица и СДСМ или, пак, со НАИ;<br>- Што може градоначалник да направи со шестмина сопартијци во Советот?<br>- Решенија за елементарните комунални проблеми?<br>- Лични искуства од работата во градскиот Совет?<br>- (Не)функционалноста на Надзорниот и на Управниот одбор на градскиот Совет?<br>- Како да се менаџира загубарството на јавните претпријатија?<br>- (Не)правичната распределба на буџетските пари за ППР. | |
| **26.10.** | Горан Минчев, претставник на Движењето ЗНАМ и актуелен министер за јавна администрација | - Рекапитулација на изборните резултати на ЗНАМ по првиот круг од Локалните избори 2025;<br>- Барање поддршка од ВЛЕН;<br>- ЗНАМ како коректор на владините политики;<br>- Укинувањето на т.н. „балансер“ како тема за Локалните избори 2025, во смисла на можната соработка со ВЛЕН;<br>- Коментар за „изборниот дебакл“ на СДСМ во Општина Куманово;<br>- Владиното и изборното партнерство со ВМРО-ДПМНЕ;<br>- Коментар за можностите на Мирослав Лабудовиќ, кандидатот на ЗНАМ за градоначалник на Општина Центар. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **27.10.** | Горан Герасимовски, кандидат на Коалицијата предводена од СДСМ за градоначалник на Општина Центар; | - Решение за акутната состојба со катастрофалната нехигиена на градот;<br>- Соработката со ЗЕЛС;<br>- Стопирање на урбанистичкиот хаос;<br>- Коментар за т.н. „црна кампања";<br>- Решенија за недостигот од паркинг простор;<br>- Пешачка зона во Дебар Маало;<br>- Преглед на досегашниот мандат како градоначалник;<br>- Коментар за изборните резултати - свои и на СДСМ;<br>- (Не)соработка меѓу Советот на Општината и градоначалникот;<br>- Најавените претстојни реформи во СДСМ. | |
| **28.10.** | Дејан Митески, кандидат на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ за градоначалник на Општина Аеродром | - Коментар за исходот од првиот изборен круг;<br>- Рекапитулација на мандатот како в.д. градоначалник;<br>- Како трајно и ефикасно да се реши проблемот со катастрофалната нехигиена на Градот и на Општината;<br>- Решенија за депонијата „Вардариште";<br>- Порака до гласачите. | |
| **29.10.** | Александар Јовановски, кандидат на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ за градоначалник на Општина Кичево; | - Ќе гласаат ли кичевчани во вториот круг од Локалните избори 2025 по етничка линија;<br>- Споредба со својата претходна кандидатура за градоначалник;<br>- Штетноста на етноцентризмот наспроти граѓанскиот принцип во (локалната) политика;<br>- Очекувања за изборниот исход;<br>- Можни коалициски соработки;<br>- Три основни проекта за Општината. | |
| **30.10.** | Томе Христовски, кандидат за градоначалник на Општина Крушево од Коалицијата на СДСМ | - Со кои проекти бара трет мандат за градоначалник;<br>- Што останало недоработено во претходните два мандата за Општина Крушево;<br>- Очекува ли поголем одзив на крушевчани;<br>- Тековни преговори за непречена соработка со општинскиот Совет;<br>- Кои се најголемите проблеми на Крушево;<br>- „Револуционерноста и слободарството" на Крушево како еден од последните бастиони на опозициската СДСМ;<br>- Пет капитални проекта за Крушево;<br>- Меѓународна соработка;<br>- Скромен општински буџет, потпомогнат од ЕУ-донации, насочен кон инфраструктурни инвестиции. | |

## 2. Посебни информативни емисии:

Од 20 до 31 октомври, во периодот на вториот изборен круг, ТВ Сител не емитуваше ни интервјуа ни дебати организирани како посебни информативни емисии. Во рамките на утринскиот, забавно-информативен појас „Ја сакам Македонија“, на 20 октомври, беше емитувано интервју со социологот Илија Ацески, кој во својата рефлексија за Локалните избори 2025 контрастно ги сопостави политичките ветувања кажани во кампањата за изборниот процес со дисфункционалноста на македонската општествено-политичка реалност, за да посочи какви последици остава тој јаз врз вредносниот систем со кој просечниот гласач пристапува кон самиот чин на гласањето.

Во изданието на информативната емисија „Детектор“ од 26 октомври, беше емитувана дебата меѓу политичките аналитичари: Драган Антоновски, Назим Рашити и Благојче Атанасовски, кои се осврнаа на исходот од првиот изборен круг и ги анализираа можностите на преостанатите кандидати за општините во кои или се прегласуваше поради изборни нерегуларности или се одржуваше втор изборен круг.

## 3. Информирање за лицата со сетилна попреченост

ТВ Сител во формат пристапен за лицата со попреченост - со знаковен јазик ги емитуваше изданијата на ТВ Дневникот од 21 часот и информативната емисија „Детектор“. На тој начин ги исполни обврските од членот 75 ставови 1 и 4 од Изборниот законик.

## ТВ ТЕЛМА

### 1. Дневноинформативни емисии:

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: ТВ Дневник 21:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 20 до 31 октомври 2025 г.);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 4 часа и 33 секунди;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***<u>Начин на известување</u>***

Во 12-те анализирани изданија на ТВ Дневникот емитуван од 21:30 часот, информативната редакција на ТВ Телма својот новинарски ангажман за Локалните избори 2025 го фокусираше на дуелот за градоначалник на Скопје, воден меѓу Орце Ѓорѓиевски (Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и Амар Мециновиќ (Левица), како и на дуелите за скопските општини што го чекаа исходот од вториот изборен круг за распределба на локалната власт во – Центар, Аеродром и во Карпош. Временски погледнато, прилозите се одразија во: околу 16 ипол минути за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ; Нешто над 14 минути за Коалицијата предводена од СДСМ; по околу 6 минути за Левица и за Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ; близу 4 минути за Движењето ЗНАМ; нешто над 3 минути за Националната алијанса за интеграција; 30-тина секунди за Искуство за успех и за кандидатот Венко Крстевски, додека Милосим Војнески доби околу 2 минути, а Сашо Пивковски околу 1 минута. Времето не беше распоредено согласно барањата од Изборниот законик, но и вкупната минутажа на прилозите за изборите (1 час 16 минути и 34 секунди) е мала за да се извлекуваат оценки за начинот на известување. Општата атмосфера на општествено-политичкиот изборен амбиент, со почитување на начелото на еднаквост (член 75 став 1 и член 75-а став 1 точка в) од ИЗ) редакцијата ја надополни со деталите од политичките визии што соперниците за градоначалници на споменатите општини имаа можност да ги изнесат на јавните соочувања организирани во редовните термини за информативните емисии продуцирани од Телевизијата.

Професионалноста на новинарскиот пристап, кој пред сè во прилог на добрата информираност на граѓанинот (потенцијалниот гласач) се обидува да најде обединувачка нота при приказот на постојното демократско разногласие, во Дневникот на ТВ Телма дојде до израз најнапред преку прилозите со партиските/коалициските и експертските анализи на изборниот резултат по првиот круг од Локалните избори 2025, а потоа, во најголема мерка низ бројните и релативно долги прилози што произлегоа од првичната иницијатива на Владата за конечен, кривично-правен прогон за индолентноста на раководството на скопското ЈП Комунална хигиена, која за последица имаше нова еко-катастрофа за главниот град на државата. Во оваа смисла, континуирано, со вести во низа и со извештаи беше проследен сиот сложен процес во кој соодветно се вклучија МВР, Јавното обвинителство, надлежните судови, но (неизбежно, во ретроспективен политички контекст) и Данела Арсовска, дотогаш сè уште актуелната градоначалничка на Скопје, а потоа, преку јавно изнудена соработка, и Горан Герасимовски, градоначалникот на Општина Центар и Орце Ѓеорѓиевски, како претседател на ЗЕЛС. Бидејќи сите посочени актери, посредно или непосредно, беа учесници и во тековниот изборен процес, заклучокот на јавноста воопшто беше дека – ваквиот општествен амбиент, всушност, претставува политичка злоупотреба на елементарни човекови права во функција на изборна кампања, а тоа ТВ Телма новинарски недвојбено го покажа и низ тематски комплементарните дебати со правници што посочија конкретен начин за политичко-правно ефикасно спроведување на правдата, но и низ апелите и предупредувањата на доктори/медицински експерти по епидемиологија, проследени и со реакции на Државниот здравствен и санитарен инспекторат и на Институтот за јавно здравје.

Владата, како субјект на методолошката анализа на новинарските прилози, статистички се појави и поради следниве општествено важни настани: плановите за Буџетот за 2026 година (отплатата на јавниот долг и проекциите за економски раст); организацијата на меѓународниот Саем за енергетика; прославата на

националниот Ден на македонската борба, како и работното учество на т.н. „Берлински процес“ – Самитот за Западен Балкан што се одржа во Обединетото Кралство. Ставката - „Други субјекти“, со позначителна инфо-минутажа во ТВ Денвникот, ги офати: бизнис-асоцијациите на македонските стопанственици; различно општествено мотивирани (не)формални здруженија на граѓани; лица и институции засегнати од зачестени случаи на меѓуврсничко насилство во основни и во средни училишта; адвокати вклучени во тековни судски случаи; културно-забавни манифестации (Макфест, МОБ); ангажманот на ДКСК околу изборот на македонски судија во Европскиот суд за човекови права; Народната банка; регулаторните тела и слично.

***<u>Табела 18: Застапеност на субјектите по теми во дневноинформативното издание на ТВ Телма</u>***

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Судство | 00:10:28 | 6,38 | % |
| Влада | 00:22:26 | 13,68 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:13 | 1,96 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:29 | 2,13 | % |
| Локална самоуправа (Данела Арсовска) | 00:03:21 | 2,05 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:17:36 | 10,74 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:19 | 3,24 | % |
| Јавно обвинителство | 00:14:54 | 9,08 | % |
| Здравство | 00:18:13 | 11,11 | % |
| Други субјекти | 00:31:08 | 18,99 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:07:32 | 4,59 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:03 | 1,25 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:13 | 0,13 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:14:42 | 8,96 | % |
| Граѓани | 00:08:04 | 4,92 | % |
| Претседател | 00:01:18 | 0,79 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:43:59** | **100** | **%** |
| **Избори 2025** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:16:24 | 21,42 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:14:15 | 18,60 | % |
| Левица | 00:06:08 | 8,02 | % |
| ДИК | 00:11:42 | 15,29 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:03:48 | 4,97 | % |
| Национална Алијанса за Интеграција – НАИ | 00:03:14 | 4,22 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:06:12 | 8,11 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:19 | 9,55 | % |
| Искуство за Успех | 00:00:31 | 0,67 | % |
| Билјана Ивановска - Група избирачи | 00:00:33 | 0,72 | % |
| Милосим Којнески - Група избирачи | 00:02:07 | 2,76 | % |
| Сашо Пивковски - Група избирачи | 00:01:12 | 1,56 | % |
| Венко Крстевски - Група избирачи | 00:00:37 | 0,81 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:32 | 3,31 | % |
| | **Вкупно за тема: 01:16:34** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 04:00:33** | | |

**2. Посебни информативни емисии:**

ТВ Телма организираше 4 дебати и 2 интервјуа со кандидати што влегоа во вториот круг за избор на градоначалници, притоа почитувајќи ги принципите што се обврска од членовите 75 став 1 и 75-а став 1 точка в) од Изборниот законик.

Под насловите „Топ тема", „Вин - Вин" и „Директно", осмислени како посебни актуелноинформативни емисии за конкретната изборна тема и за причините и последиците на постојниот македонски општествено - политички амбиент, полемизираа и политиколози, комуниколози и економисти.

***Интервјуа***

Реализирани беа 2 интервјуа - со Мирослав Лабудовиќ, кандидатот на Движењето ЗНАМ за градоначалник на Општина Центар и со Стевчо Јакимовски, кандидатот на Коалицијата Искуство за успех за градоначалник на Општина Карпош. Обете интервјуа отпрвин биле планирани како дебатни соочувања за сооодветните општини, но соперниците го откажале дуелот.

***Табела 19: Интервјуа на ТВ Телма***

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **24.10.** | - Мирослав Лабудовиќ, кандидат за градоначалник на Општина Центар од Движењето ЗНАМ;<br><br>Белешка: Била планирана дебата со Горан Герасимовски, противкандидатот од Коалицијата предводена од СДСМ, но тој ја одбил поканата | - Изостана ли поддршката од ВМРО-ДПМНЕ, коалицискиот партнер во Владата, или резултатот од првиот круг е изборен максимум?<br>- Зошто советничката листа на ВМРО-ДПМНЕ има повеќе гласови од неговите за градоначалник?<br>- На кои изборни гласови се надева за вториот круг?<br>- Во кое својство учествува на акциите за чистење низ Општина Центар - како заменик - министер за енергетика или како кандидат за градоначалник?<br>- Три клучни проекта за кои се обврзува дека ќе ги спроведе;<br>- Дали има економска проекција за тие проекти;<br>- Три конкретни цели во првите 100 дена како градоначалник на Центар;<br>- Решенија за повеќе – паркинг, зеленило и пешачки зони;<br>- Визија за Општина Центар во периодот од 2025 - 2029;<br>- План за сообраќајниот хаос;<br>- Енергетски ефикасни јавни објекти;<br>- Поддршка за спортот. | **Топ тема** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **29.10.** | Стевчо Јакимовски, кандидат за градоначалник на Општина Карпош од Коалицијата Искуство за успех;<br><br>Белешка: Сотир Лукровски, противкандидатот од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ - не се одзвал на поканата. | - Коментар за одбегнувањето на Лукровски за јавно соочување;<br>- Трупањето ѓубре како нов вид „црна кампања“;<br>- Осврт кон досегашното искуство како градоначалник;<br>- Механизми за надминување на опструкциите од „опозицискиот“ општински Совет;<br>- Судскиот процес против него, како дел од предизборната стратегија на ВМРО-ДПМНЕ;<br>- Приоритетни проекти и планови за Општина Карпош. | |

***Дебати***

Премиерно беа емитувани вкупно 9 дебати, од кои 4 беа дуел меѓу кандидати за градоначалници, организиран според јасно воспоставени правила за јавно ТВ-соочување, со рамномерна распределба на време за меѓусеби прашања по теми поставени од водителите на емисиите.

Во 5-те дебати со експерти за македонските политички и економски состојби, дадена беше сублимирана оценка за првиот круг од изборите, со обид да се исчита одредена порака од малиот одзив на гласачите и од големиот број неважечки ливчиња. Една од темите беше и влезот во вториот изборен круг на Амар Мециновиќ, кандидатот на Левица за градоначалник на Скопје, со што партијата е поставена во позиција на преферирана алтернатива меѓу повеќедецениската понуда од ВМРО-ДПМНЕ и од СДСМ. Други важни дебатни теми беа – етноцентризмот користен како изборна мобилизација за вториот круг; можните коалицирања/меѓупартиски поддршки според позиционираноста на општините; (не)успехот на Коалицијата НАИ, предводена од ДУИ; изборниот исход од Локалните избори 2025 како навестување за можни предвремени парламентарни избори и реконструкција на постојниот состав на Владата; за тоа каде се загуби енергијата на вистинското, независно граѓанство како коректор на лошите политики на локалните власти; за плановите за воведување комунална инспекција со широки овластувања; кривично-правни опции за справување со катастрофалната нехигиена на Скопје; анализа на ЈП Комунална хигиена како долгогодишен „загубар“; медицинска, епидемиолошка, здравствена проценка за безбедносните ризици од живеење во нееколошка средина; (не)функционалноста на ЗЕЛС; стручни економски анализи за последиците од лошото менаџирање на државниот и на буџетот на локалните самоуправи.

***Табела 20: Дебатни емисии на ТВ Телма***

| **ТВ Телма** | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорници** | **Наслов на емисија** |
| **20.10.** | - Александар Кржаловски, политички аналитичар<br>- Иво Ранѓеловиќ, политички аналитичар<br>- Алберт Муслиу, политички аналитичар | **Топ тема** |
| **21.10.** | - Имер Селмани, политички аналитичар<br>- Катерина Синадиновска, политичка аналитичарка<br>- Благојче Атанасовски, политички аналитичар | **Директно** |
| **21.10.** | - Дејан Митески, кандидат за градоначалник на Општина Аеродром од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ;<br>- Александар Трајановски, кандидат за градоначалник на Општина Аеродром од Коалицијата предводена од СДСМ. | **Топ тема** |

| | | |
|---|---|---|
| **22.10.** | - Бојан Трпески, политички аналитичар<br>- Маријан Калевски, „Зелен хуман град“; | **Топ тема** |
| **23.10.** | - Ванчо Узунов, економски аналитичар<br>- Виктор Митевски, економски аналитичар | **Вин-Вин** |
| **27.10.** | - Максим Димитриевски, кандидат за градоначалник на Општина Куманово од Движењето ЗНАМ-За наша Македонија<br>- Горан Стојкоски – Диро, независен кандидат за градоначалник на Општина Куманово | **Топ тема** |
| **28.10.** | - Драган Анастасов - Ладич, кандидат за градоначалник на Општина Пробиштип од Коалицијата предводена од СДСМ;<br>- Тони Тоневски, кандидат за градоначалник на Општина Пробиштип од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ; | **Директно** |
| **28.10.** | - Перо Костадинов, кандидат за градоначалник на Општина Валандово од Коалицијата предводена од СДСМ;<br>- Ѓоко Камчев, кандидат за градоначалник на Општина Валандово од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ; | **Топ тема** |
| **31.10.** | - Сефер Селими, политички аналитичар, Демократска Лабораторија<br>- Марко Трошановски, политички аналитичар, Институт за демократија<br>- Бојан Кордалов, политички аналитичар, Европски центар за инзвонредност | **Топ тема** |

### 3. ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ЛИЦАТА СО СЕТИЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

ТВ Телма во формат пристапен за лицата со попреченост - со знаковен јазик ги емитуваше изданијата на ТВ Дневникот од 18:30 часот, а секој петок од деновите на изборниот период, емитуваше и „Изборна хроника“ проследена со титил. На тој начин ги исполни обврските од членот 75 ставови 1 и 4 од Изборниот законик.

## САТЕЛИТСКА ПРИВАТНА ТЕЛЕВИЗИЈА

### ТВ 24 Вести

1. **ДНЕВНОИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:**

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: ТВ Дневник од 17 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 20 до 31 октомври 2025);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 5 часа 43 минути и 41 секунди;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

ТВ 24 Вести, и во вториот изборен круг, го задржа концептот согласно кој, во централното издание на Дневникот од 17 часот, ги издвои прилозите за активностите од кампањата за градоначалници во посебна рубрика „Локални избори 2025". За информациите од активностите во кампањата беа издвоени речиси 2 часа, односно околу една третина од Дневникот, при што времето беше распределено на следниов начин: за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - 24 минути и 7 секунди, за Коалицијата предводена од СДСМ - 19 минути и 14 секунди, за Национална алијанса за интеграција – 9 минути и 52 секунди, за Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ - 8 минути и 46 секунди, за Левица 7 минути и 11 секунди, за Движењето ЗНАМ - За наша Македонија – 8 минути и 2 секунди, за Коалицијата Искуство за успех – 1 минута и 28 секунди, а кусо беше известено и за активности или реакции на тројца независни кандидати. Телевизијата генерално известуваше во согласност со законските барања за правично, избалансирано и непристрасно покривање на изборите и се обиде да информира за кандидатите за градоначалници во повеќе општини во државата. Кандидатите од власта и од опозицијата беа претставувани во заеднички прилози во кои често беа емитувани и поединечни изјави во траење од 20 до 40 секунди.

Појавувањето на субјектот „Влада" меѓу прилозите, методолошки кодирани во темата „Избори 2025", се должи на ставот на МВР околу обвинувањата на Зијадин Села дека власта му прави притисок со полициски претреси, како и ставот на Владата за повикот од нивниот коалициски партнер за етничко гласање во Брвеница.

ТВ 24 Вести, во анализираниот 12-дневен период, во Дневникот известуваше и за низа други актуелни општествено-политички теми, какви што беа: изборот на македонски судија во Европскиот суд за човекови права во Стразбур; односите помеѓу Бугарија и Македонија; синдикалната кошничка за октомври; истражувањето на ЗМАИ за напредокот на земјата; инспекцискиот надзор поради огромното количество смет во Скопје; очекувањата околу уставните измени; замрзнувањето на имотот на бизнисменот Марковски осомничен за злоупотреби во РЕК „Битола"; продолжениот притвор на поранешниот директор на Клиниката за онкологија Нино Васев; пробациските мерки со кои се опфатени над 900 затвореници; енергетската состојба во Македонија; 14 Меѓународен форум за енергија за одржлив развој; вакцинацијата против сезонски грип; доцнењето на терапијата за панциентите од онкологија; за М-НАВ и синдикатот во правни лавиринти; културното наследство пред деградација; извештаите за напредокот на земјите кандидати за членство во ЕУ; високите цени за станови во Скопје; прославата на 23 октомври Денот на македонската револуционерна борба; Лекарската комора за случајот на д-р Кузмановски; новите еколошки правила на Европската Унија; јубилејното издание на фестивалот „Макфест"; новото издание на „Енерго – Техномa 2025"; новиот марш на ангелите во Кочани; почетокот на зимското сметање на времето; анализа за инфлацијата во државата; апсењето на директорот на Комунална хигиена Скопје; еколошката катастрофа во реката Вардар во Општина Јегуновце; истрагата за грабежот во златарница во Гостивар; инциденти на фудбалски натпревари, соодносот на платите

меѓу мажите и жените; протестите на вработените од ЈП „Паркови и зеленило“ и нивните фирми ќерки поради доцнењето на платите итн.

Во прилозите кои се однесуваа на проблемот со неотстранувањето на сметот во Скопје, се појавија и Орце Ѓорѓиевски, кандидатот за градоначалник на Град Скопје од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (како претседател на ЗЕЛС) и Горан Герасимовски, кандидатот за нов мандат во Општина Центар од Коалицијата предводена од СДСМ во прилогот за вонредниот инспекциски надзор поради сметот во Скопје.

Во темата „Други прилози“, најмногу време беше издвоено за информации од збирната категорија „Други субјекти" во која се кодирани адвокати со изјави за судски рочишта и случаи, синдикатите, претседателот на Регулаторната комисија за енергетика, претставник од Support Кочани, Лекарската комора, претставници на ФК Аеродром, ФК Беса, организатори на фестивалот „Макфест“, Асоцијација на метална и електро индустрија итн.

***Табела 21: Застапеност на субјектите по теми во дневноинформативното издание на ТВ 24 Вести***

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Граѓански сектор | 00:08:50 | 4,26 | % |
| Судство | 00:09:06 | 4,38 | % |
| Други субјекти | 00:44:22 | 21,38 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:17:29 | 8,43 | % |
| Граѓани | 00:14:46 | 7,12 | % |
| Јавно обвинителство | 00:12:14 | 5,89 | % |
| Влада | 00:30:04 | 14,49 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:36 | 1,25 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:36 | 1,25 | % |
| Локална самоуправа (Данела Арсовска) | 00:06:29 | 3,13 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:25:06 | 12,09 | % |
| Собрание | 00:01:17 | 0,62 | % |
| Претседател | 00:01:53 | 0,90 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:17:40 | 8,52 | % |
| Култура (институции и организации) | 00:04:04 | 1,96 | % |
| Медиум | 00:04:50 | 2,33 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:58 | 0,47 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:58 | 0,47 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:01:15 | 0,60 | % |
| Здравство | 00:00:58 | 0,47 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:27:31** | **100** | **%** |
| **Интервјуа во вести** | | | |
| Експерти/аналитичари | 00:18:56 | 100,00 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:18:56** | **100** | **%** |
| **Избори 2025** | | | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:05:40 | 4,83 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:01:17 | 1,09 | % |
| Национална Алијанса за Интеграција – НАИ | 00:09:52 | 8,42 | % |
| Влада | 00:02:40 | 2,27 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:08:46 | 7,48 | % |
| ДИК | 00:11:54 | 10,15 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:24:07 | 20,57 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:19:14 | 16,40 | % |
| Левица | 00:07:11 | 6,12 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:08:02 | 6,85 | % |
| Искуство за Успех | 00:01:28 | 1,25 | % |
| Медиум | 00:01:55 | 1,63 | % |
| Менди Ќира - Група избирачи | 00:01:11 | 1,01 | % |
| Единствена Македонија | 00:01:01 | 0,87 | % |
| Граѓани | 00:03:48 | 3,24 | % |
| Локална самоуправа (Данела Арсовска) | 00:00:59 | 0,84 | % |
| Венко Крстевски - Група избирачи | 00:02:34 | 2,19 | % |
| МААК - Конзервативна партија | 00:00:53 | 0,75 | % |
| Други субјекти | 00:01:15 | 1,07 | % |
| Билјана Ивановска - Група избирачи | 00:01:18 | 1,11 | % |
| Горан Стојковски-Диро - Група избирачи | 00:00:44 | 0,63 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:25 | 1,21 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:57:14** | **100** | **%** |
| **Вкупно =** | **05:43:41** | | |

## 2. Посебни информативни емисии:

Во периодот на официјалната изборна кампања за вториот круг од Локалните избори, ТВ 24 Вести организираше 22 посебни информативни емисии посветени на изборните процеси, реализирани како интервјуа и дебати. Само три од емисиите, две интервјуа и една дебата беа со кандидати за градоначалници. Интервјуа беа реализирани со двајцата кандидати за градоначалници на Град Скопје, а дебата со двајцата кандидати за градоначалник на Општина Аеродром. Најголем простор во посебните информативни емисии беше отстапен за оценување на изборниот процес од страна на аналитичари и експерти.

***Интервјуа***

ТВ 24 Вести од 20 до 31 октомври емитуваше 13 интервјуа на изборни теми, главно со експерти и аналитичари кои говореа за различни, правно - економски аспекти од изборниот процес. Двете интервјуа, со двајцата кандидати за градоначалници на Град Скопје, беа реализирани во емисијата Трилинг.

***Табела 22: Интервјуа на ТВ 24 Вести***

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **20.10.2025** | Борјан Ѓузелов, аналитичар | Локалните избори<br>Кампањата,<br>Резултатите од првиот круг | **Студио 10** |
| **20.10.2025** | Џабир Дерала, ЦИВИЛ | Изборните резултати,<br>Текот на кампањата | **Аргумент плус** |
| **21.10.2025** | Благојче Атанасовски, аналитичар | Резултатите од првиот изборен круг | **Студио 10** |
| **21.102025** | Љулзим Фаризи, аналитичар | Во кој правец ќе оди ДУИ и дали ќе се консолидира ВЛЕН? | **Студио 10** |
| **21.10.2025** | Кирил Колемишевски поранешен функционер на СДСМ | Актуелни политички и економски теми | **Аргумент плус** |
| **24.10.2025** | Ибрахим Мехмети, аналитичар | Анализа на првиот круг од изборите и резултатите,<br>Текот на кампањата | **Аргумент плус** |
| **24.10.2025** | Орце Ѓорѓиевски кандидат за градоначалник на Скопје од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ | Ќе ги урива ли дивоградбите во Скопје доколку биде избран за градоначалник?<br>Би донел ли одлука за мораториум за градба во метрополата?<br>Како планира да го исчисти градот во првите 72 часа ако биде избран за татко на градот во ситуацијата кога јавните претпријатија се во колапс? | **Трилинг** |
| **24.10.2025** | Каја Шукова, потпретседателка на СДСМ и кандидатка за градоначалничка на Скопје од Коалицијата предводена од оваа партија | Лична и морална одговорност после изборниот резултат во првиот круг | **Трилинг** |
| **24.10.2025** | Амар Мециновиќ, кандидат за градоначалник на Град Скопје од Левица | Повик за поддршка во вториот круг,<br>Како ќе се справи со урбаната мафија и дивоградбите,<br>Одѕивот на младите во првиот круг од изборите,<br>Скопје заслужува да биде чист, зелен и без смет,<br>Можноста за комбиниран јавен превоз | **Трилинг** |
| **27.10.2025** | Љупчо Петковски, политиколог | Актуелната политичка атмосфера после првиот круг<br>Локални избори,<br>Очекувања од вториот круг | **Студио 10** |
| **28.10.2025** | Рубин Земон, аналитичар | Анализа на Локалните избори,<br>Текот на вториот круг,<br>Можни крајни резултати | **Студио 10** |
| **29.10.2025** | Миша Поповиќ од Институт за демократија | Користењето државни ресурси во изборната кампања | **Аргумент плус** |
| **30.10.2025** | Бојан Кордалов, комуниколог | Црна кампања на кандидатите за градоначалници | **Аргумент плус** |

***Дебати***

Во вториот круг од изборите беа емитувани вкупно 9 дебатни емисии на теми поврзани со Локалните избори во кои, експерти и аналитичари имаа можност да ја анализираат изборната кампања за првиот круг,

резултатите, наративот кој се користеше, но и кампањата за вториот изборен круг и можната разврска. Во емитуваните дебати учествуваа само двајцата кандидати за градоначалници на Општина Аеродром.

***Табела 23: Дебатни емисии на ТВ 24 Вести***

| ТВ 24 Вести | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Учесници во дебата** | **Наслов на емисија** |
| **20.10.2025** | Владимир Божиновски, аналитичар<br>Александар Чомовски, аналитичар,<br>Костадин Костадинов, Коалиција предводена од СДСМ<br>Бесим Небиу, аналитичар | **24 Анализа** |
| **21.10.2025** | Имер Селмани, аналитичар<br>Илија Димовски, аналитичар | **24 Анализа** |
| **22.10.2025** | Билјана Ивановска, независна кандидатка за градоначалничка на Општина Центар која не влезе во вториот круг<br>Иванка Василевска, Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ | **Аргумент плус** |
| **22.10.2025** | Благој Атанасовски, аналитичар<br>Ивор Анѓелковиќ, аналитичар<br>Назим Рашити, аналитичар | **24 Анализа** |
| **27.10.2025** | Влатко Ѓорчев, Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ<br>Невенка Ѓорѓиевска, активистка и независна кандидатка за градоначалничка на Карпош која не влезе во вториот круг<br>Џелал Хоџиќ, претседател на Странка за Демократска акција на Македонија | **24 Анализа** |
| **28.10.2025** | Бранко Героски, новинар, аналитичар<br>Иван Анастасовски, Коалиција предводена од СДСМ<br>Бојан Мишковски, Левица | **24 Анализа** |
| **29.10.2025** | Александар Трајановски, Коалиција предводена од СДСМ<br>Дејан Митески, Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ | **Студио 10** |
| **29.10.2025** | Насер Селмани, новинар<br>Горан Трпеновски, новинар<br>Исен Салиу, новинар | **24 Анализа** |
| **30.10.2025** | Љупчо Пренџов, Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ<br>Башким Бакиу, Коалиција ВЛЕН<br>Арта Билјали Зендели, Коалиција НАИ<br>Фатмир Битиќи, Коалиција предводена од СДСМ | **24 Анализа** |

## 3. Информирање за лицата со сетилна попреченост

Во извештајниот период од 20 до 31 октомври, Дневникот на ТВ 24 Вести во 20 часот, со толкување на знаковен јазик беше прилагоден за лицата со сетилна попреченост. Во овој период и две изданија на информативната емисија Трилинг беа прилагодени на овој начин, со што беа исполнети обврските од членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ.

## ПРИВАТНИ КАБЕЛСКИ ТЕЛЕВИЗИИ

### ТВ 21- М

1. **ДНЕВНОИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:**

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Вести во 18:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 20 до 31 октомври 2025);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 4 часа 24 минути и 45 секунди;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа, изјави и извештај.

***Начин на известување***

Во вториот круг од Локалните избори, ТВ 21-М, во централното издание на Вестите од 18:30 часот, информираше со фокус на кандидатите од двете коалиции од албанскиот политички блок **–** Национална алијанса за интеграција-НАИ и ВЛЕН/ВРЕДИ. Двоцифрена, но речиси двојно помала минутажа во вестите добија и кандидатите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Имаше информации од кампањата на двајца независни кандидати, а воопшто немаше информации за кандидатите на Коалицијата Искуство за успех и на партијата Унија на Ромите.

Известувањето за активностите во кампањата траеше вкупно 2 часа 15 минути и 45 секунди, најчесто во форма на вести, изјави и извештаи. Најголем дел од информативното време беше посветено на активностите на Национална алијанса за интеграција-НАИ - 36 минути и 18 секунди, и на Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ - 31 минута и 36 секунди. За кандидатите на Коалицијата предводена од ВМРО–ДПМНЕ беа одвоени 18 минути и 46 секунди, додека кандидатите од Коалицијата предводена од СДСМ добија 6 минути и 18 секунди. Извештаите за активностите на овие коалиции главно се фокусираа на изјавите на лидерите и кандидатите за градоначалници за првичните изборни резултати, како и на меѓусебните реакции и обвинувања околу освоените гласови. Имаше информации и за нивните активности во рамките на кампањата за вториот круг од изборите, во кои беа презентирани нивните изборни програми на митинзи и средби со граѓаните. Од партиите, застапени беа и информации за Левица и за Движењето ЗНАМ – За наша Македонија.

Во делот посветен на независните кандидати за градоначалници, ТВ 21–М известуваше за активностите на Менди Ќира, кандидат за градоначалник на Општина Струга (2 минути и 52 секунди), а објави и информација за независниот кандидат за градоначалник на Македонски Брод Милосим Војнески кој се повлече од изборната трка во вториот круг и изрази поддршка за ВМРО–ДПМНЕ.

Телевизијата информираше и за бесплатната телефонска линија за пријавување изборни неправилности отворена од страна на Народниот правобранител, како и за оценката на мисијата на ОБСЕ/ОДИХР за првиот круг од Локалните избори. Резултатите од првиот и очекувањата од вториот изборен круг беа предмет и на новинарска анализа поткрепена со експертски толкувања од повеќе политички аналитичари.

Во темата „Други прилози",Телевизија 21–М, ги покри следните настани: редовните активности на Владата; алармантната состојба со отпадот и реакцијата на Владата по тој повод; протестите на вработените во јавни претпријатија; како и за евроинтеграцискиот процес на државата; учеството на Владата на Самитот за Западен Балкан во рамките на Берлинскиот процес; потпишувањето договор со Обединетото Кралство за воспоставување редовен воздушен сообраќај и др. Коалицијата предводена од СДСМ се појави во делот „Други прилози" со времетраење од 1 минута и 31 секунда, во врска со барањето од Владата да објасни дали постои

договор со Обединетото Кралство за прием на мигранти и можноста за отворање мигрантски кампови во Македонија.

ТВ 21-М во еден критички осврт го прикажа и четиригодишното владеење на Данела Арсовска со Градот Скопје, истакнувајќи ги судирите со централната власт, но и ветувањата кои останаа неисполнети.

***Табела 24: Застапеност на субјектите по теми во дневноинформативното издание на ТВ 21 - М***

| ТВ 21 - М | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Коментари/ставови** | | | |
| Локална самоуправа | 00:05:30 | 100,00 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:05:30** | **100** | **%** |
| **Други прилози** | | | |
| Други субјекти | 00:38:56 | 31,53 | % |
| Локална самоуправа | 00:05:55 | 4,79 | % |
| Јавно обвинителство | 00:05:39 | 4,57 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:09:47 | 7,92 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:24 | 5,99 | % |
| Влада | 00:22:52 | 18,52 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:11 | 6,63 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:31 | 1,23 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:09:32 | 7,72 | % |
| Здравство | 00:06:57 | 5,63 | % |
| Судство | 00:01:00 | 0,81 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:58 | 2,40 | % |
| Граѓани | 00:01:17 | 1,04 | % |
| Претседател | 00:01:31 | 1,23 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:03:30** | **100** | **%** |
| **Избори 2025** | | | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:46 | 0,56 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:06:18 | 4,64 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:18:46 | 13,82 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:31:36 | 23,27 | % |
| Национална Алијанса за Интеграција – НАИ | 00:36:18 | 26,74 | % |
| Левица | 00:07:08 | 5,25 | % |
| ДИК | 00:19:07 | 14,09 | % |
| Менди Ќира - Група избирачи | 00:02:52 | 2,12 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:02:28 | 1,81 | % |
| Милосим Војнески - Група избирачи | 00:00:46 | 0,56 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:43 | 3,47 | % |
| Шкодран Алили - Група избирачи | 00:00:36 | 0,44 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:21 | 3,20 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:15:45** | **100** | **%** |
| **Вкупно =** | **04:24:45** | | |

## 2. Посебни информативни емисии:

За време на вториот круг од изборната кампања, ТВ 21-М емитуваше три интервјуа и две дебатни емисии. Во ниту едно од интервјуата и дебатите не учествуваа кандидати за градоначалници.

***Интервјуа***

Трите интервјуа беа со претставници на коалициите НАИ и ВЛЕН/ВРЕДИ. Интервјуата беа посветени на анализи на изборниот процес. Некои од интервјуата беа репризирани еднаш, а некои двапати.

***Табела 25: Интервјуа на ТВ 21 - М***

| ТВ 21 – М | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **21.10** | Кренар Лога, Коалиција НАИ; | Резултатите од првиот круг;<br>Дали е прерано да се слави победата во Врапчиште, цензусот не беше постигнат;<br>Дали може да има друга причина зошто цензусот не беше постигнат во Гостивар. | **Ајде да разговараме** |
| **27.10.** | Скендер Реџепи, Коалиција НАИ; | По резултатите од изборите на 19 октомври, дали се подготвува за вториот круг на 2 ноември;<br>Дали ВЛЕН/ВРЕДИ мисли да купи гласови и граѓани;<br>Дали мисли дека албанскиот електорат даде многу јасна политичка порака во првиот круг. | **Дебата 21** |
| **29.10** | Изет Меџити, Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ; | Дали гледа активисти на ДУИ да им се придружуваат;<br>Дали ова се случува затоа што добиваат власт или ја прифаќаат идејата на ВЛЕН;<br>Што мисли за изјавата на Али Ахмети после првиот круг од изборите;<br>Дали имаа помош од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ во некои општини;<br>Како го гледа ДУИ и што мисли дека треба да се промени во партијата. | **Ајде да разговараме** |

***Дебати***

Во вториот круг беа емитувани две дебатни емисии на тема Локални избори, и ниту една од нив не беше репризирана.

Исто така, двапати беше емитувана реприза на емисијата Дебата 21 со кандидатите за градоначалник на Општина Студеничани реализирана во првиот круг од изборите.

***Табела 26: Дебатни емисии на ТВ 21 - М***

| ТВ 21 - М | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Наслов на емисија** |
| **20.10.** | Мурат Алиу, аналитичар,<br>Имер Селмани, аналитичар и<br>Арбен Фетаи, член на Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ и заменик вицепремиер; | **Дебата 21** |
| **23.10** | Бојан Ѓузелов, политички аналитичар;<br>Берат Дехари, политички анлитичар;<br>Никола Србов, политички анлитичар. | **Клик Плус** |

## 3. Информирање за лицата со сетилна попреченост

ТВ 21–М, користејќи толкување на знаковен јазик, за лицата со попреченост ги прилагоди Вестите секој ден во 16:00 часот, како и дебатната емисија „Клик Плус“ еднаш неделно, со што ги исполни обврските предвидени во член 75 ставови 1 и 4 од Изборниот законик.

## ТВ ШЕЊА

### 1. ДНЕВНОИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ:

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: Вести во 19:00 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 20 до 31 октомври 2025);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 3 часа 21 минута и 51 секунда;
**Користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***Начин на известување***

Во вториот круг од Локалните избори, ТВ Шења до извесен степен ги почитуваше законските барања од Изборниот законик, но вкупното времетраење на прилозите посветени на изборите (1 час 28 минути и 49 секунди) беше мало за веродостојни оценки за начинот на известување. Во вестите од 19 часот информираше за кандидатите на шест парламентарни партии, со фокус на четирите најголеми коалиции, и за еден независен кандидат. Немаше информации за кандидатите на Коалицијата Искуство за успех и на партијата Унија на Ромите.

Прилозите за Локалните избори најчесто беа во форма на вести, изјави и извештаи. Најмногу информативно време беше одвоено за Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ – вкупно 19 минути и 54 секунди, по што следува известувањето за активностите на Коалицијата Национална алијанса за интеграција-НАИ со 16 минути. Од македонскиот политички блок, најмногу време ѝ беше отстапено на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ **-** 13 минути и 22 секунди, додека Коалицијата предводена од СДСМ доби 7 минути и 34 секунди. Содржински, извештаите за овие коалиции ги следеа изјавите на лидерите и на кандидатите за градоначалници во врска со изборните резултати во првиот круг, како и меѓусебните препукувања околу изборните гласови. Континуирано беа следени нивните настапи и активности во рамки на кампањата за вториот круг, при што беа презентирани нивните изборни програми изнесени на митинзи и други организирани средби со граѓани. Од другите парламентарни партии, куси информации имаше и за Движењето ЗНАМ – За наша Македонија и за Левица. Медиумот известуваше и за договорената поддршка во вториот изборен круг за Општина Куманово, меѓу коалициските партнери во Владата – Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ и Движењето ЗНАМ – За наша Македонија.

Во рамките на минутажата отстапена за независните кандидати, ТВ Шења известуваше единствено за Рамадан Имери, кандидат за градоначалник на Општина Дебар, со вкупно 2 минути и 23 секунди**.** Беше одвоено време и за Билјана Ивановска, кандидатка за градоначалничка на Општина Центар, која ја заврши трката во првиот изборен круг, со изјава во траење од 56 секунди, таа соопшти дека нема да ги упати нејзините поддржувачи за кого да гласаат во вториот круг**.**

Значајно време во делот од вестите посветен на изборите телевизијата отстапи и за Државната изборна комисија (ДИК) – 19 минути и 22 секунди, главно за резултатите од првиот круг. Извести и за оценката на Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР за првиот круг од Локалните избори, како и за тоа дека МВР ќе користи дронови за следење на изборите. Покрај тоа, беа објавени и информации за бесплатната телефонска линија на Народниот правобранител за пријавување прекршувања на изборните правила, како и за насоките на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за почитување на изборниот молк.

Во извештајниот период Телевизија Шења, во рамките на темата „Други прилози“ известуваше за повеќе актуелни општествени, економски и политички настани. Меѓу темите се вбројуваат евроинтеграциски процес на државата, намалувањето на цените на дериватите на нафта од страна на Регулаторната комисија за енергетика, како и падот на животниот стандард, според податоците на Сојузот на синдикати на Македонија (ССМ). Телевизијата, исто така, известуваше за вонредната владина контрола за управување со отпадот, за

одржувањето на енергетскиот форум на кој Северна Македонија беше домаќин, како и за самитот на Берлинскиот процес. Присутни беа и прилози со изјави на револтирани граѓани во врска со проблемот со сметот низ Скопје, препораки од Институтот за јавно здравје и здравствените работници до институциите за решавање на проблемот со сметот, извештаи од Светскиот форум за одржлива енергија, како и прилог посветен на одбележувањето на 25-годишнината од Резолуцијата 1325 на Обединетите нации, на кој обраќање имаше и претседателката на државата Гордана Силјановска Давкова. Во прилозите беа опфатени и податоците за просечната нето плата објавени од Државниот завод за статистика, како и најавата за одржување на првата пленарна седница на Собранието по вториот изборен круг, во рамките на која обраќање ќе има претседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа Теодорос Русопулос**.**

Појавувањето на Коалицијата предводена од СДСМ (со 1 минута и 9 секунди) во темата „Други прилози" се должи на барањето Владата да одговори дали со Велика Британија е договорено прифаќање на мигранти и отворање мигрантски кампови во Македонија.

***Табела 27: Застапеност на субјектите по теми во дневноинформативното издание на ТВ Шења***

| ТВ Шења | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| **Други прилози** | | | |
| Граѓански сектор | 00:07:08 | 6,32 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:28 | 7,49 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:02:04 | 1,82 | % |
| Јавно обвинителство | 00:16:25 | 14,52 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:17:21 | 15,34 | % |
| Влада | 00:18:39 | 16,49 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:48 | 2,48 | % |
| Други субјекти | 00:10:48 | 9,56 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:09 | 1,02 | % |
| Граѓани | 00:12:34 | 11,12 | % |
| Здравство | 00:09:20 | 8,25 | % |
| Судство | 00:03:01 | 2,67 | % |
| Собрание | 00:01:25 | 1,26 | % |
| Претседател | 00:01:52 | 1,66 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:53:02** | **100** | **%** |
| **Избори 2025** | | | |
| Билјана Ивановска - Група избирачи | 00:00:56 | 1,05 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:13:22 | 15,06 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:19:54 | 22,41 | % |
| ДИК | 00:19:22 | 21,79 | % |
| Национална Алијанса за Интеграција – НАИ | 00:16:00 | 18,02 | % |
| Левица | 00:01:08 | 1,29 | % |
| Рамадан Имери - Група избирачи | 00:02:23 | 2,68 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:07:34 | 8,51 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:46 | 3,11 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:48 | 2,03 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:00:25 | 0,47 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Влада | 00:00:52 | 0,98 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:19 | 2,61 | % |
| | **Вкупно за тема: 01:28:49** | **100** | **%** |
| | **Вкупно = 03:21:51** | | |

## 2. Посебни информативни емисии:

За време на вториот круг од изборната кампања, ТВ Шења емитуваше пет интервјуа и две дебатни емисии. Интервјуата беа главно со претставници на коалициите ВЛЕН /ВРЕДИ и Национална алијанса за интеграција/НАИ, а дебатите со политички аналитичари.

### *Интервјуа*

На теми поврзани со Локалните избори, ТВ Шења реализираше 5 интервјуа. Две интервјуа беа со актуелни кандидати за градоначалници (Општина Дебар и Општина Студеничани), едно со политички аналитичар, а останатите беа со претставници на коалициите ВЛЕН /ВРЕДИ и Национална алијанса за интеграција/НАИ. Три интервјуа беа репризирани три пати, едно четири пати, а едно два пати.

***Табела 28: Интервјуа на ТВ Шења***

| ТВ Шења | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **20.10** | Арбен Фетаи, заменик-претседател на Владата и претставник од Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ; | -Оценка на резултатите од првиот круг на Локалните избори;<br>- Дискусија за Општина Липково – дали поразот таму беше очекуван;<br>- Оценка за кандидатот Башким Бакиу,<br>- Анализа на слабите резултати во општините Гостивар и Врапчиште;<br>- Ситуацијата во Општина Тетово;<br>- Зошто не беше обезбедена победа во првиот круг во Струга;<br>- Анализа за општините Кичево и Бутел;<br>- Соработката меѓу коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ и ВМРО-ДПМНЕ на Локалните избори;<br>- Дали учеството на Арбен Фетаи имало влијание врз изборниот резултат на ВЛЕН/ВРЕДИ;<br>- Дали коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ е компактна и стабилна;<br>- Евентуалното обединување во една единствена партија и кој би бил лидерот на таа партија. | **Дебата на Шења** |
| **22.10** | Ејуп Абази, кандидат за градоначалник на општина | - Дискусија за отсуството на г. Садику; | **Дебата на Шења** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Студеничани од Коалицијата НАИ;<br><br>Бил поканет, но не се одѕвал на поканата:  Азем Садику, актуелен градоначалник на Општина Студеничани и независен кандидат за истата Општина. | - Анализа на резултатите од првиот изборен круг;<br>- Колку сте подготвени за вториот изборен круг;<br>Партизирање на образованието во Општина Студеничани и плановите за департизирање;<br>- Главни приоритети за Општината;<br>- Колку градинки ќе се изградат во Општина Студеничани;<br>- Проценка за транспарентноста на Општината;<br>- Разликите помеѓу коалициите на централно ниво и дали тие се пренесуваат на локално ниво;<br>- Завршна порака за граѓаните. | |
| **26.10** | Петар Арсовски, политички аналитичар; | - Предвидувања за вториот круг на Локалните избори;<br>- Дискусија за прашањето со отпадот;<br>- Трагичниот настан во Кочани;<br>- Оценка за резултатите од првиот изборен круг;<br>- Зошто Каја Шукова од Коалицијата СДСМ заврши на четвртото место;<br>- Албанските гласови во овие избори. | **25 Минути** |
| **27.10** | Арбер Адеми, потпретседател на Коалицијата Национална алијанса за интеграција; | - Оценка на резултатот постигнат во првиот круг на Локалните избори;<br>- Пропустите на Коалицијата НАИ;<br>- Дали НАИ ќе го поддржи кандидатот за Општина Брвеница, г. Рамадани;<br>- Дали НАИ очекува поддршка од коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ во Општина Кичево;<br>- Дискусија за Гостивар, Врапчиште и Струга;<br>- Коментар за обвиненијата против НАИ од ВЛЕН/ВРЕДИ за соработка со Левица;<br>- Дискусија за Општината Студеничани и Липково;<br>- Каде НАИ е убедливо победник;<br>- Дали ќе има реформи во рамките на НАИ. | **Дебата на Шења** |
| **29.10** | Рамадан Имери, независен кандидат за градоначалник на Општина Дебар;<br><br>Бил поканет, но не се одѕвал на поканата: Фисник Мела, кандидат од Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ за градоначалник на Општина Дебар; | - Коментар за отсуството на противкандидатот Фисник Мела;<br>- Колку сте задоволни од резултатите од првиот круг;<br>- Колку сте подготвени за вториот круг;<br>- Дискусија за тешкотиите во изборната кампања како независен кандидат;<br>- Приоритетите доколку го земете мандатот како градоначалник. | **Дебата на Шења** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Планот за постигнување транспарентност во Општина Дебар;<br>- Дали има економски потенцијал и планови за економски развој;<br>- Конкретни планови за создавање услови за странски инвеститори;<br>- Инфраструктура и развојот на селата,<br>- Плановите за зголемување на квалитетот на образованието;<br>- Зошто граѓаните треба да му веруваат на својот глас во вториот круг. | |

***Дебати***

Во контекст на Локалните избори беа емитувани две дебатни емисии, од кои едната се репризираше три пати.

***<u>Табела 29: Дебатни емисии на ТВ Шења</u>***

| ТВ Шења | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Наслов на емисија** |
| 24.10 | Теута Бучи, новинарка/уредничка;<br>Ценур Исени, политиколог и аналитичар<br>(бил поканет и Ибрахим Мехмети, но не се одѕвал на поканата поради субјективни причини) | **Дебата на Шења** |
| 31.10 | Зенел Мифтари, аналитичар<br>Ценур Исени, политиколог и аналитичар | |

### 3. Информирање за лицата со сетилна попреченост

ТВ Шења, во формат пристапен за лицата со попреченост, со титлување, секој ден ги емитуваше Вестите од 23 часот, а информативната емисија „Седмичен ретро – преглед” секоја сабота во 20.30 часот, со што ги исполни обврските предвидени во член 75 ставови 1 и 4 од Изборниот законик.